СОСТАНОЦИ НА СЕВЕРНО-АТЛАНТСКИОТ СОВЕТ НА НАТО | НОВИ ГЕОПОЛИТИЧКИ ТРЕНДОВИ ВО ЕВРОПА | БЕСПИЛОТНО ЛЕТАЛО „SCANEAGLE“ | „ПАНТЕР“ 155 ММ

# ШТИТ

Број 157
Ноември 2022
ISSN 1857-6710

**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

## Промовирани нови 18 потпоручници во Армијата на Република Северна Македонија










# Состаноци на Северноатлантскиот совет на

Министерката за одбрана Славјанка Петровска, во седиштето на НАТО во Брисел, учествуваше на состаноците на Северноатлантскиот совет на НАТО, на ниво на министри за одбрана. Министерката Петровска учествуваше на состанокот на земјите членки кои придонесуваат во т.н. зајакнато истурено присуство на Алијансата во Латвија, како и на состанокот на контакт-групата за Украина, а имаше и средба со португалската министерка за одбрана, Хелена Кареирас. На првата сесија на состаноците на Северноатлантскиот совет беше заклучено дека НАТО Алијансата е одбранбена алијанса која е цврсто одлучна и обединета во нејзината основна цел – одвраќање на сите потенцијални непријателски активности и одбрана на секоја педа НАТО територија. Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, на оваа сесија посочи дека Северна Македонија останува одлучна во својот придонес кон заедничките цели на сојузниците, за што континуирано вложува во развојот на своите капацитети и модернизацијата и опремувањето на Армијата. „Одлуката на Самитот во Мадрид го постави патот по кој ќе се движиме. Она што мораме сега да го








# НАТО на ниво на министри за одбрана

направиме е брзо и ефикасно да ги исполнуваме нашите обврски и да инвестираме во развој на капацитетите кои ни се потребни“, рече министерката Петровска. На втората сесија на Северноатлантскиот совет, на која присуствуваше и Жосеп Борел, високиот претставник на ЕУ за надворешна и безбедносна политика, а беше посветена на мисиите и операциите, министерката Петровска посочи дека Северна Македонија како НАТО членка е сериозно посветена на зацврстувањето на регионалната безбедност, факт кој може да се види и преку учеството на припадниците на Армијата во мисијата на НАТО на Косово, како и во мисијата на Европската Унија во Босна и Херцеговина. Министерката Петровска пред колегите од НАТО порача дека е потребно да се забрза процесот на евроинтеграции врз база на исполнети критериуми и постигнати резултати. Петровска додаде дека започнувањето на преговорите на Северна Македонија и Албанија за членство во Европската Унија е добар знак и придонесува кон стабилноста и развојот на Западниот Балкан. Таа го поздрави и доделувањето на кандидатски статус на Босна и Херцеговина.

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчова-Христова
Соња Крамарска
Афрдита Волина
Тони Јаневски, потполковник
Лилјана Петреска, потполковник
Виолета Костадинова, потполковник
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Умит Рецепи
(ликовно-графички и технички уредник)
м-р Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар)
Славко Јовановски
(технички уредник на овој број)

Печати:
„Европа 92 ДООЕЛ Кочани“




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана
https://mod.gov.mk/штит





2
**Состаноци на Северноатлантскиот совет на НАТО на ниво на министри за одбрана**

18
**Нови геополитички трендови во Европа и Стратегискиот компас на ЕУ**

# содржина

ШТИТ | година XIV | број 157 | ноември 2022

Инфо
**Министерката Петровска во работна посета на Париз** ........ 6

**Промовирани нови 18 потпоручници во Армијата на Република Северна Македонија** .. 7

Јубилеи
**30-годишен јубилеј од формирањето на македонската одбрана и Армија**
**Од идеја до изградба на систем на национална одбрана (9)** ........ 8

Нато активности
**НАТО и сојузнички вежби (4)** ........ 12

Глобал
**Употреба на тактичко нуклеарно оружје во Руско-украинскиот конфликт** ........ 14

Мисии
**Сторија за една војна – Војната Иран-Ирак (1980 – 1988)** ........ 21

**Свечено одбележан Денот на Командата за операции** ........ 27

Вооружување
**Беспилотно летало „MQ-9 Reaper“** .. 34

Вооружување
**Смртоносни закани во Украина** ..... 38

Вооружување
**„Aichi D3A“** ........ 42

Аеродневник
**Модели на нишан** ........ 46

Воени музеи
**Шведскиот музеј на авијацијата „Aeroseum“** ........ 48

Глобал
**Жените информираат за Авганистан** ........ 50

Уметниците и војната
**Крсто Хегедушиќ**
**Поправајќи го загрозениот свет.** 54

Филм
**„Апокалипса денес“**
**Надреалистички аспект на војната** ........ 56

**„Бел Рај“ – излетничко место со природни базени** ........ 58





32
**Беспилотно летало „ScanEagle“**

41
**„ПАНТЕР“ 155 мм**

КОН ОВОЈ БРОЈ

ПИШУВА:

**д-р Жанет РИСТОСКА**
Главен и одговорен уредник

# *За жените, мирот и безбедноста*

*Речиси во секој број на магазинот „Штит“ можат да се прочитаат содржини поврзани со родовата рамноправност, без разлика дали пишуваме за некоја активност која се одвива во Министерството за одбрана и во Армијата или, пак, се текстови од едукативно-информативен карактер, како што беше, на пример, текстот за заштита од родово базирано насилство во постконфликтните општества каде се воспоставуваат меѓународни мировни мисии, или текстот во овој број за репресијата врз жените интелектуалки во Авганистан денес.*

*Дека родовата рамноправност е меѓу највисоките приоритети во Министерството за одбрана се потврдува и со континуираното учество на министерката за одбрана, Славјанка Петровска, на голем број научни конференции, форуми и дебати кои третираат теми од оваа област, како и преку нејзините обраќања до јавноста, кога не заборава да спомене дека на општеството му се потребни повеќе жени на лидерски позиции и дека жените во општеството не се само квота, бројка во општеството, туку тие даваат реални и квалитетни резултати и жените треба да бидат видливи и препознатливи во јавноста. Во тој контекст ќе го споменам учеството на министерката за одбрана, Славјанка Петровска, на панел-дискусијата насловена „Улогата на жените за време на криза“, на меѓународната конференција за промоција на родовата еднаквост „Жените во надворешната политика“, на која, преку видеобраќање, министерката се осврна на важноста на Резолуцијата на Советот за безбедност на Обединетите нации 1325, Жени, мир и безбедност, истакнувајќи дека кризата во Украина треба да ни биде потсетник за вклучување на жените во сите области за превенција на конфликти и градење на мирот. Министерката во своето обраќање се осврна и на постигнувањата во Министерството за одбрана на планот на родовата рамноправност и изјави дека Министерството за одбрана денес е лидер во политиката на родова еднаквост, а родовата перспектива е интегрирана во сите стратешки документи на Министерството за одбрана и на Армијата. Министерката за одбрана учествуваше и на форумот „Жени, мир и безбедност“ во Приштина, каде што истакна дека во однос на учеството на жените во одбраната е направен голем исчекор и во бројот на жените во Армијата, но и во вклучувањето на родовата еднаквост и родовата перспектива во политиките на Министерството. „Во 2012 година, бројот на жени во Армијата бил под 5 проценти, додека денес изнесува над 10 проценти. Министерството е родово сензибилизирано, односно во Министерството работат 28 НАТО-родови обучувачи, кои во континуитет спроведуваат обуки и тренинзи за потребата од родова еднаквост, родов баланс и родово-сензитивни политики“, истакна министерката на Форумот.*

*А, дека навистина многу работи се сменети во одбраната, покажува и промоцијата на новите потпоручници во Армијата, при што е остварен родов баланс како значен параметар за оценување на интегрираноста на родовата перспектива. Како резултат на пријавувањето на голем број квалитетни кандидатки за прием на студии на Воената академија, ние промовиравме 9 нови офицери и 9 нови офицерки во редовите на Армијата на Република Северна Македонија, за што пишуваме во овој број на нашето списание.*

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk, kristina.ilievska@mod.gov.mk, stit@mod.gov.mk



# Министерката Петровска во работна посета на Париз

По завршувањето на состанокот на министрите за одбрана во Брисел, министерката за одбрана, Славјанка Петровска, отпатува во работна посета на Франција, каде што се сретна со францускиот министер за вооружени сили, Себастиен Лекорну. На средбата стана збор за соработката меѓу двете министерства и за состојбите во нашата земја и во регионот. По средбата, министрите потпишаа Договор за соработка во областа на одбраната, кој воедно е прв од ваков карактер меѓу двете земји, а следува по потпишувањето на Договорот за набавка на воена опрема од француско производство. Со овој договор се предвидува интензивирање на македонско-француската соработка во одбраната. Договорот предвидува плодна билатерална соработка во повеќе области, како меѓусебна поддршка и развој на стратегиската одбранбена политика, организација и функционирање на силите, учество во меѓународни операции, воени вежби и тренинзи, воена едукација и друго. „Одбранбената соработка помеѓу Северна Македонија и Франција е во фаза на силен развој и во овој момент го доживува максимумот. Договорот ќе даде дополнителен инпут кон досегашната соработка во полето на воената обука и едукација на кадри од Армијата на престижните француски воени школи, како и можности за заеднички развој на способностите и вештините на припадниците на вооружените сили и во развојот на интероперабилноста на армискиот полигон „Криволак“", рече министерката Петровска на состанокот со Лекорну. Министерката Петровска ја потенцираше важноста од интензивирањето на интеграцијата на Западен Балкан во ЕУ, како инвестиција во безбедноста и сигурноста на регионот, но и на



Европа. Министерката Петровска го посети и Институтот за високи студии за национална одбрана на Франција, каде имаше средба со директорот на институтот, генерал-потполковник Беноа Дуре. На средбата се нагласи значењето на Договорот за соработка во одбраната, со што ќе се создадат бројни можности за обука и едукација на нашите припадници на високите престижни школи во Франција.

# Министерката Петровска во посета на Словенија

Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, беше во дводневната посета на Словенија. По пречекот со воени почести во словенечкото Министерство за одбрана, министерката Петровска и нејзиниот словенечки колега, Марјан Шарец, одржаа средба на која беше потврдена заедничката заложба за посилна одбранбена соработка. „Словенија е наш докажан пријател, сојузник и гласен поддржувач на евроинтеграцијата на Северна Македонија. Оваа година одбележуваме 30 години соработка помеѓу двете држави и 28 години одбранбена соработка, која остави белег на развојот на одбраната и Армијата. Живееме во комплексни времиња со бројни безбедносни предизвици и затоа како блиски и пријателски земји и како сојузници во НАТО, мораме да опстанеме на нашиот пат кон уште посилна, уште поинтензивна одбранбена соработка“ рече министерката Петровска по средбата. Во контекст на регионалната безбедност, министерката порача дека регионот се соочува со свои предизвици, но ниту еден предизвик не е нерешлив доколку има политичка волја, храброст и насоченост кон идна соработка и просперитет. Министрите, на средбата, се заложија за уште посилна соработка во областа на одбраната, при што министерката Петровска повика на интензивирање на заедничките вежби и обуки на армискиот полигон „Криволак“, склучување на договор за одбранбена соработка со цел развој на одбранбени капацитети и планирање и справување со сајбер, хибридни и асиметрични закани. Петровска и Шарец разговараа и за соработката во контекст на НАТО-мисиите, односно за заедничкото учество во т.н. зајакнато истурено присуство во Латвија, каде македонските мировници се дел од словенечкиот контингент. Во Словенија Петровска се сретна и со претседателот на Словенија, Борут Пахор. Во фокусот на разговорите беше иднината на Западен Балкан, која е тесно поврзана со европските и со евроатлантските структури, особено во „светлото“ на новата геополитичка реалност и актуелните безбедносни ризици кои произлегуваат од руската агресија врз Украина. Министрите за одбрана го посетија Паркот на воената историја „Пивка“, каде што беше извршено примопредавање на музејски експонат – германски противвоздушен топ „Флак 38“ од Втората светска војна, донација од Северна Македонија. Министрите Петровска и Шарец ја посетија и воздухопловна база на словенечките ВС каде беше изведена показна вежба „Воздухоплов 2022“. Во базата министерката Петровска имаше можност да се запознае со капацитетите на НАТО-акредитираната регионална школа за операции „воздух-земја“, во која што специјализираните обуки успешно ги завршиле и припадници на нашата армија.





# Промовирани нови 18 потпоручници во Армијата на Република Северна Македонија

Во касарната „Гоце Делчев" во Скопје, со пригодна церемонија беа промовирани новите потпоручници на Армијата, а свечена заклетва даде новата класа питомци на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски". На свеченоста се обрати министерката за одбрана Славјанка Петровска, која истакна дека професијата војник, подофицер или офицер во македонската Армија ја покажува љубовта кон татковината и решеноста секој да даде сопствен придонес во нејзиниот развој, безбедност и сигурност. „Армијата на Република Северна Македонија е препознатлива меѓу своите граѓани како институција која секогаш е подготвена да помогне и да одговори на сите предизвици, но истовремено и да даде свој придонес во одржување на мирот, безбедноста и стабилноста и надвор од границите на нашата држава", рече Петровска. Упатувајќи честитки до новите офицери од кои деветмина се мажи, а девет се жени, Петровска истакна дека од денес тие стануваат дел од организација чиј темел се стандардите, редот и дисциплината, организација во која работат искусни професионалци кои изминатите години дадоа несебичен придонес во развојот на Армијата, професионалци кои нè водеа на патот кон најголемиот воено-политички сојуз, НАТО-алијансата. „Благодарение на овие искусни луѓе се вршеа процени и анализи, се изработуваа стратешки документи врз основа на кои се врши модернизацијата на Армијата. Се купува нова современа опрема и вооружување кои вам и на вашите колеги ќе ви бидат од големо значење за извршување на задачите. Но, една армија не е комплетна ако само се модернизира со опрема и вооружување. Вложувањето во секој еден од вас ја прави нашата Армија симбол на државноста", потенцираше министерката. Министерката Петровска, осврнувајќи се на човечкиот капацитет кој е клучен за понатамошниот развој на одбраната, на новите 39 питомци кои дадоа свечена заклетва, меѓу кои 31 се од Република Северна Македонија, шест се од Босна и Херцеговина и двајца од Црна Гора, им порача дека на Воената академија ќе создадат тим на млади офицери кои ги поврзува нешто повеќе од униформата – почитта едни за други и ветувањето дека во иднина ќе направат сè за да ја гарантираат безбедноста и мирот во овој регион на кој сите припаѓаме.

„Со ентузијазам гледам на вас, како на тим кој е подготвен да совладува секакви предизвици. Од денес, секој од вас ќе ѝ се приклучи на Армијата. Внесувате нова енергија, прогресивни размислувања, но никогаш не заборавајте на влогот на поранешните и сегашни искусни припадници на Армијата. Кон нив гледајте со голема почит, затоа што тие се заслужни за ова што го имаме денес", рече министерката и додаде дека како министерка за одбрана, нејзин приоритет е да обезбеди услови за нивна континуирана едукација и стручно усовршување. Деканот на Воената академија, полковникот Митко Богдановски, за новопромовираните потпоручници рече дека се идните лидери и идните промотори на државата и на Армијата, а на питомците им честиташе за определбата да го продолжат своето образование на Воената академија и им посака успех во текот на студиите. На свеченоста, министерката Петровска и заменикот-началник на Генералштабот, генералот Азим Нуредин, и советникот за национална безбедност на претседателот Стево Пендаровски, Блерим Коџали, на тројцата прворангирани питомци, Кристијан Илиевски, Николина Пејовиќ и Сара Илиевска, им врачија плакети за постигнатиот успех.

**Во годинава кога одбележуваме 30-годишен јубилеј од формирањето на македонската одбрана и Армија достојно е да се потсетиме на почетоците, на никулците на македонскиот одбранбен систем. Всушност, осамостојувањето на Република Македонија (РМ) во 1991 година не ќе беше целосно завршено, доколку македонското државно раководство не направи одлучни чекори во насока на градење одбранбен систем за заштита на суверенитетот и интегритетот на територијата и населението со сопствени вооружени сили. Оттаму, изградбата на системот на национална одбрана на РМ и формирањето на македонските вооружени сили во ликот на Армијата на Република Македонија (АРМ) во 1992 година, како еден од најважните атрибути на државноста, претставуваше заокружување на процесот на осамостојување на државата. Изминативе три децении од формирањето на АРМ, од историски аспект, во светлото на триесетгодишниот јубилеј од нејзиното формирање и градењето на независен македонски одбранбен систем, заслужуваат особено внимание.**

**Првичните напори на РМ беа самостојно да го гради сопствениот систем за одбрана и одбранбена стратегија, а АРМ да се доградува, да се опремува и да се обучува за да може да одговори на сите видови закани и загрозувања на безбедноста и територијалниот интегритет на државата. Во овој и во наредните изданија на магазинот „Штит“, ќе се потсетиме на сложеноста, на динамичноста и на специфичноста на условите во кои се поставуваа темелите на македонската одбрана и Армија, на нејзиниот развој и на изградбата на одбранбено-безбедносниот систем на РМ, на нејзината улога во конфликтот во 2001 година, како и на нејзиниот огромен придонес во напорите за процесот на евроатлантските интеграции.**



# 30-годишен јубилеј од форми

# Од идеја до изградба

### Развој на воените образовни институции, центри и команди за обука

Паралелно со формирањето и развојот на ВА, АРМ интензивно работеше на подобрувањето на квалитетот на обуката на војниците. Во првите години по формирањето на АРМ, карактеристично беше тоа што основната, специјалистичката и колективната обука на војниците и единиците се реализираше непосредно во матичните единици. Ова решение беше логично и практично во самите зачетоци на АРМ, но само по себе беше големо оптоварување за оперативните единици, кои покрај мисијата за одржување на борбената готовост, вложуваа дополнителен напор за изведување на последователна обука на нови генерации војници-регрути. Со цел да се подобри квалитетот на обуката на АРМ и да се растоварат оперативните состави, во 1996 г. беа формирани неколку центри за основна и специјализирана индивидуална обука на војниците, додека колективната обука остана да се реализира во матичните единици. Беа формирани центри за обука на пешадија, артилерија, логистика, граничари, воена полиција и извидница. Со ова решение многу се подобри квалитетот на обуката на војниците. Центрите за обука се специјализираа за економично, ефикасно и брзо воведување на новите регрути во службата на АРМ, нивно основно обучување, како и стручна подготовка за родот или службата каде што се распоредени. Оперативните единиците вршеа прием на војници со завршена основна обука и веднаш продолжуваа со колективна обука. Команда за обука и доктрини

### Команда за обука и доктрини

Со првата трансформација на АРМ 2000 – 2002 г. размислувањата беа дека организирањето на обуката треба понатаму да се унапредува. Така, на 19.3. 2001 г., во касарната „Гоце Делчев“ во Скопје беше формирана Командата за обука (КзО), директно потчинета на ГШ на АРМ, во чиј состав се наоѓаа три центри за обука: Центар за пешадиска обука (Битола), Центар за граничари (Велес) и Центар за обука на родови и служби – ЦОРСЕ (Скопје). Со втората трансформација на АРМ, 2004 – 2008 година и имплементација на насоки на СОП од 2004 година, на 15. 12. 2006 г., КзО беше трансформирана и во својот состав ги интегрираше Центарот за индивидуална обука (Велес), Центарот за обука и дресура на кучиња (Ѓорче Петров, Скопје), Центарот за странски јазици (Гоце Делчев, Скопје), Центарот за обука на вода (Охрид), Центарот за обука во зимски услови (Попова Шапка), армискиот полигон „Криволак“ и стрелиштето „Петровец“. Забележително е дека во структурата



# ирањето на македонската одбрана и Армија на систем на национална одбрана (9)

на КзО повеќе не егзистираа Центарот за пешадиска обука, Центарот за граничари и Центарот за обука на родови и служби. Ова беше направено од причини што според Стратегискиот одбранбен преглед (СОП) од 2004 г., МО и АРМ пристапија кон предавањето на функцииите на обезбедување на државната граница на МВР и нововоспоставената Гранична полиција, како и поради напуштањето на регрутниот модел на одбрана и целосната професионализација на АРМ. За македонските граѓани кои изразуваа желба за доброволно служење на воениот рок во траење од 3 месеци, во согласност со измените во Законот за служба во АРМ од 2003 и 2005 г., беше воспоставен Центарот за индивидуална обука со седиште во касарната „Алексо Демниевски-Бауман“ во Велес. Од март 2010 г., во рамките на реорганизацијата на ВА „Генерал Михаило Апостолски“, во составот на Командата за обука е додаден и Центарот за обука на питомци (Касарна „Гоце Делчев“, Скопје). Со третата трансформација на АРМ 2012 – 2015 г., Командата за обука беше трансформирана во Команда за обука и доктрини (КОД). Продолжувајќи со подобрувањето на економичноста и ефикасноста на КОД, во 2012 г. е формиран Центар за поддршка на обуката, со локација на АП „Криволак“, а во чиј состав влегоа Центарот за обука на вода во Охрид, Центарот за обука во зимски услови на Попова Шапка и стрелиштето „Петровец“. Во составот на КОД дополнително се формирани Центар за изработка на доктрини, правила, упатства и научени лекции и Центар за симулации, двата со седиште во касарната „Алексо Демниевски-Бауман“ во Велес, со што се иницираше забрзана изработка на воена литература и подобрување на обученоста и извежбаноста на командите и штабовите за планирање и водење операции.

Во рамките на КОД, Центарот за индивидуална обука има мисија за организација, подготовка и реализација на индивидуалната обука на војници, подофицери и офицери од активниот и резервниот состав на АРМ. Задачите кои овој центар ги реализира се изработка на планови и програми за реализација на обуката на војниците, подофицерите и офицерите од активниот и резервниот состав на АРМ, реализација на напредни курсеви за офицери и подофицери од активниот и резервниот состав, реализација на основен курс за подофицери од активниот и резервниот состав, реализација на обука на професионални војници и реализација на обука со војници на доброволно служење на воениот рок.

Во согласност со законските и подзаконските акти, подофицерите на АРМ од 2001 г. се обучуваат преку наменски курсеви во организација на КзО-КОД, на кои се упатуваат најдобрите обучени и искусни професионални војници кои по завршување на курсевите се произведуваат во старешински чин водник. Забележително беше отсуство на организирање на курсеви за подофицери во перидот од 2010 до 2020 г., што негативно влијаеше на пополнувањето на подофицерските места во единиците на АРМ, на подмладување на подофицерскиот кадар и непреченото водење во кариерата. Во текот на 2020 година, МО и ГШ презедоа низа мерки и подготвителни активности за отстранување на овој недостаток и за рестартирање на курсевите за подофицери. Во првата група кандидати за подофицери кон крајот на 2020 г. се најдоа 65 кандидати, професионални војници, а курсирањето на нови кандидати продолжува, сè до задоволување на потребите на Армијата. Следејќи ги препораките на СОП 2004 г., во измените на Законот за одбрана на Р. Македонија за укинување на задолжителното служење на воениот рок и целосната професионализација на АРМ од 2006 до 2007 г., на граѓаните им беше овозможено да служат воен рок на доброволна основа во траење од 3 месеци, во рамките на Центарот за индивидуална обука на КОД. Од базенот на војници кои доброволно го отслужуваа воениот рок, МО, периодично, во согласност со потребите за пополнување на АРМ и според



одобрението кое го обезбедуваше од Владата, вршеше избор и селекција на нови професионални војници. Во периодот од воспоставувањето на законската одредба за доброволно служење на воениот рок, па сè до јануари 2020 г., вкупно 5400 македонски граѓани ја искористиле оваа можност. Сепак, низ годините стануваше јасно дека бројот на кандидати за пополнување на испразнетите војнички места е недоволен. Непостоењето на квантитет директно влијаеше на квалитетот на кандидатите. Поради тоа, МО, во соработка со ГШ, во измените на Законот за служба од 2020 г. понуди поинакво решение. Во конкретниов случај, условот за претходно доброволно служење на воениот рок повеќе не е елиминаторен услов за пријавување на конкурс за прием во Армијата. Оттука, бројот на заинтересирани кандидати кои конкурираат за вработување во Армијата како професионални војници значително е зголемен, а од тој број комисиите се во можност да изберат навистина квалитетни кандидати.

Центарот за обука на питомци од составот на КОД има задача да организира, да подготвува и да реализира обука со питомците и кандидатите за офицери во Армијата, со следниве задачи: изработка на планови и програми за организација и реализација на обуката со питомците и кандидатите за офицери за службите во Армијата, индивидуална и општа воена обука до ниво на вод, обука во зимски услови, обука на вода и пливање, обука за управување со моторни возила и полагање возачки испит, стажирање на питомците и кандидатите за офицери, стручно-специјалистичка обука за родови (Курс за командири на водови) и реализација на воннаставни воспитно-образовни активности. Центарот за одгледување и дресура на кучиња има задача да одгледува и да врши дресура на кучиња за различни намени, како и да оспособува инструктори и војници за водачи на службени кучиња за потребите на АРМ. Центарот за поддршка на обуката врши поддршка на колективната обука на командите и единиците на Армијата при реализација на планираните тактички вежби, гаѓања, обука на вода и обука во зимски услови, обезбедување на услови за реализација на планираните вежби и гаѓања на АП „Криволак“ и на стрелиштето „Петровец“, поддршка на командите и единиците во креирање и реализација на планираните вежби во Центарот за симулации, реализација на индивидуална обука и поддршка на колективната обука во Кампот за обука на вода, поддршка на индивидуалната и колективната обука на единиците на АРМ во Кампот за обука во зимски услови. Центарот за странски јазици има задача да подготвува и да реализира курсеви за странски јазици за потребите на припадниците на МО и Армијата. Изучувањето на англискиот јазик претставува прв услов и приоритет за



постигнување на интероперабилноста со НАТО. Поради тоа, на ова прашање МО и ГШ на АРМ низ годините му посветуваат особено внимание. Покрај јазичните курсеви кои ги посетуваат лицата од МО и Армијата надвор од државата, од големо значење се и јазичните курсеви кои се организираат дома, за постигнување на повисоко ниво на познавање на странските јазици, пред сè на англискиот јазик. Со спонзорство на Велика Британија и на САД, во повеќе касарни на Армијата се воспоставени лаборатории за изучување на англискиот јазик. Со поддршка и финансирање од страна на канцеларии на одбранбени аташеа на повеќе пријателски и сојузнички држави, како што се Турција, САД, Германија, Франција, Италија и други, се организираат основни и напредни курсеви за изучување на странски јазици во Армијата, а понатамошното изучување на јазици, како и военото образование, продолжува во земјите домаќини.

д-р Павле Арсоски, генерал-мајор



# Кондиционен марш

На 22 км оддалеченост од Струмица, на 469 м надморска височина, во месноста Пирго, на северните падини на планината Беласица, се наоѓаат Смоларските и Колешинските Водопади кои импресионираат со својата убавина. Посебен впечаток кај посетителите остава Смоларскиот Водопад, кој е единствен постојан водопад во Република Северна Македонија со пад на водата од 39,5 метри.Во регионот на овие водопади, на 15 октомври, Извршниот одбор на ОРОРСМ, во соработка со ООЕ Струмица, организираше кондиционен марш во должина од 6 км на кој учествуваа 120 резервни офицери и подофицери од 16 ООЕ. Поздравно обраќање имаа претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев и потполковник Митко Попов, командант на Вториот пешадиски баталјон во Штип, искажувајќи задоволство од досегашната соработка со ООЕ на ОРОРСМ Струмица.
За историските карактеристики на Струмичкиот регион, со посебен акцент на битката на Беласица помеѓу војската на Цар Самуил и византиската војска предводена од Василиј II во 1014 година, предавање одржа историчарот во пензија Ѓорѓи Бонев. Географска и топографска ориентација со користење на топографска карта и GPS, презентираше постариот водник I класа, Душко Цикарски од Вториот пешадиски баталјон во Штип. Покрај другото, беше посетено и спомен-обележјето на битката на Беласица.
Еднодневното дружење заврши со заеднички ручек – традиционалното војничко гравче, овојпат во амбиент во природа, што го подготви Баталјонот во Штип.



# Усовршување на воените вештини

Гаѓањата со пешадиско оружје на резервните офицери и подофицери претставуваат приоритетни содржини во програмите за обука на членовите на ОРОРСМ. На овој начин, младите старешини ги усовршуваат вештините во ракувањето и употребата на пешадиското оружје. Во контекст на ваквата оценка, на 24 септември, на стрелиштето „Краста“, недалеку од Куманово, се реализираше гаѓање со АП 7,62 мм, подготвително на реден број 1.
На гаѓањето учествуваа 110 резервни офицери и подофицери од 17 ООЕ на ОРОРСМ од Скопје и од источниот дел на Република Северна Македонија. Поздравно обраќање до учесниците имаше претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев, кој им посака добри резултати и притоа изрази благодарност до МО и ГШ на АРСМ за нивната логистичка поддршка во реализацијата на ваквите практични содржини. Раководителот на гаѓањето, потпоручникот Филип Младеновски, ги запозна учесниците со безбедносните мерки на стрелиштето, како и со неопходните постапки при гаѓањето, како предуслов за остварување добри резултати.На гаѓањето беа остварени одлични и многу добри резултати. Всушност, 2/3 од учесниците (71) беа оценети со „надминал стандард“, а 1/3 со „исполнил стандард“. Гаѓањето го следеше проф. д-р Горан Зенделовски од Институтот за одбрана, безбедност и мир, со којшто ОРОРСМ остварува долгогодишна плодна соработка.



# Слободарски традиции

Во селото Митрашинци, Беровско, се одбележа 78-годишнината од формирањето на 50. и 51. дивизија на НОВ и ПОМ. Со положување свежо цвеќе на спомен-обележјето, повеќе општествени субјекти им оддадоа почит на загинатите припадници на овие дивизии. На овој чин, како израз на слободарските традиции, присуствуваше и единствениот преживеан борец на 50. дивизија, Јован Величков. Во оваа пригода, како што нѐ информираше претседателот на ООЕ на ОРОРСМ Берово – Пехчево, Васе Пиличовски, од страна на учениците од основното училиште во с. Митрашинци е изведена пригодна програма. На чинот на чествувањето на овие две значајни воени формации учествуваа повеќе општествени субјекти, меѓу кои и претставници на: АРСМ, локалната самоуправа од Берово, Боречката организација и ООЕ на ОРОРСМ Берово – Пехчево.

Живко Трајановски



# НАТО и сојузнички вежби (4)



> НАТО е одговорна организација за одбрана на членките по сите аспекти на воздушната одбрана, вклучувајќи ја и одбраната од тактички проектили. Ефикасна воздушна одбрана е основна за безбедноста на Алијансата. Таа се обезбедува преку сложен систем кој овозможува откривање на воздухоплови и тактички проектили, следење и пресретнување од страна на поморските, копнените вооружени системи или од воздух со авиони-пресретнувачи

Ширење на балистички проектили претставува зголемена опасност за сојузничкото население, територијата и распоредените воени сили ширум светот. Повеќе од 30 земји ја имаат или се во фаза на стекнување технологија за балистички проектили, која на крајот може да се користи за носење на конвенционални боеви глави и оружје за масовно уништување. Зголемувањето на бројот на овие способности не мора да значи дека постои непосредна намера да се нападне НАТО но, од друга страна, тоа не значи дека Алијансата нема одговорност да го земе тоа предвид, како дел од главната задача за колективна одбрана. Ова е релативно нов тренд во НАТО кој трае од 2010 година, кога сојузниците одлучија да се развие способноста за колективна одбрана на НАТО, со оглед на зголемувањето на бројот на балистички проектили. Одбраната на НАТО од балистички проектили и достигнување целосна оперативна способност се базира на доброволни национални придонеси. Неколку сојузници понудија средства како што се бродови со балистичка ракетна одбрана, радари, копнени системи за воздушна и ракетна одбрана или напредна детекција. Двете стратегиските команди на НАТО, Сојузничката команда за операции и Сојузничката команда за трансформација се непосредно поврзани со обуката и вежбите, а овој процес завршува со објавување на Програма за годишна воена обука и вежби. Таа нуди детални информации за обука, вежби и активности за следните календарски години. Од јули 2012 година, Сојузничката команда за операции е одговорна за поставување барања за обука и спроведување на евалуација, а Сојузничката команда за трансформација е одговорна за менаџирање и извршување на програмата за извежбување. Детални спецификации на една вежба се развиваат една или две години пред почетокот на вежбата. Областите кои се опфатени се сегашните и идните операции, силите за брз одговор, трансформациите и програмите за воена соработка на НАТО. Врховниот штаб на сојузничките сили во Европа на официјалниот сајт ја објавува годишната програма за вежби, а во духот на Виенскиот

документ на обезбедување на воената транспарентност, Алијансата се придржува кон правилата за учество.

### Позначајни вежби на НАТО

### „STEADFAST ARMOUR“

Вежбата „Steadfast Armour“ се реализира со цел обука на тактичките и оперативните способности на НАТО при транзиција од мировни услови преку реализација на мисијата за интегрирана воздушна и ракетна одбрана во време на криза или при вооружен конфликт преку реализација на одбраната од балистички проектили. Станува збор за една од главните вежби на НАТО преку реализација на мисијата за интегрирана воздушна и ракетна одбрана, извршена од стратешко до тактичко ниво. Вежбата го прикажува спојувањето на сензорите, вооружените системи и способностите на операторите да одговорат на сегашните и идните закани за Алијансата. Во текот на 2021 година учество зедоа поморските сили на





НАТО (Naval Striking and Support Forces NATO – STRIKFORNATO), во соработка со силите на САД (Maritime Command, European Command, Sixth Fleet, Air Forces Europe, Air Forces Africa), а во координација со германско-холандската вежба „JPOW-21“. Поморските сили на НАТО остануваат критична поморска одбрана на НАТО од балистички ракети и други воздушни закани. Тимот на вежбата се фокусираше на планирање и на извршување на задачите за интегрирана воздушна и ракетна одбрана од големи размери.

Најновите случувања, пролиферација на нови беспилотни летала, како и новата ракетна технологија, даваат одредена предност на потенцијално непријателските држави и организации. За да се спротивстави на тоа, проактивните вежби на НАТО се една од неколкуте достапни алатки, а оваа вежба ја покажува интероперабилноста помеѓу членките и партнерите на Алијансата. Силите на НАТО се подготвени да се соочат со какви било закани преку постоечките планови и процедури во симулирано сценарио за одбрана на европското население, територија и сили на НАТО. Тимот работеше со разни други штабови на НАТО ширум Европа (Врховен штаб на сојузничките сили, Воздушна команда на НАТО, Команда на здружените сили на сојузничките сили Брунсум и Команда на здружените сили на сојузничките сили Неапол), како и со разни национални единици за одбрана од симулирани воздушни и ракетни напади надвор од Евроатлантската област. Сценариото на вежбата се одвива на различни локации на море, во воздух и низ целиот свет, бидејќи во реални услови, балистички ракети се лансираат на растојание од 1000+ км.

### „RAMSTEIN DUST II 21“

Уште една вежба во рамките на воздухопловната компонента е „Ramstein Dust II“, фокусирана на контрола на воздушните мисии, обезбедување надзор и продукција на воздушна слика, притоа вклучувајќи управување со воздушниот сообраќај како дел од симулирана операција на НАТО. Обучениот персонал од Распоредливиот центар за воздушна команда и контрола на НАТО во Италија, во улога на специјалисти за воздушна контрола, се распоредува во земјите членки на НАТО за да учествува на вежбата. Целта на тимот беше поврзување со интегрираниот систем за воздушна и ракетна одбрана на НАТО ширум Европа, притоа демонстрирајќи ја нивната способност да обезбедат способност за воздушно набљудување и контрола. Се користеше експертизата за системот за воздушна команда и контрола, кој овозможува единствена и интегрирана воздушна команда, како и контрола на управување со воздушните операции на НАТО во и надвор од Евроатлантската област. Вежбата е важна алатка за подготовка, тестирање и предизвикување на обучените воздухопловни контролори во содејство со специјалисти во областа на врски во реална меѓународна средина.

Драган Павловски



# Употреба на тактичко нуклеарно оружје во Руско-украинскиот конфликт

Нуклеарното оружје е дизајнирано да предизвика максимално уништување. Обемот на уништувањето зависи од низа фактори, вклучувајќи ги: големината на боевата глава, висината на детонација над земјата и околината. Но, и најмалата боева глава може да предизвика огромни загуби на човечки животи и дополнителни трајни последици. За време на Втората светска војна, бомбата која уби до 146.000 луѓе во Хирошима, Јапонија, беше од 15 килотони. Во зоната на непосреден удар на нуклеарната експлозија не се очекува да има преживеани. По ударот прво следи заслепувачки блесок, огромна огнена топка и експлозивен бран што може да уништи објекти на неколку километри. Што претставува тактичкото нуклеарно оружје? Тоа се мали нуклеарни боеви глави и системи за ограничена употреба на борбеното поле. Оружјето е дизајнирано да ги уништи непријателски цели во одредена област, без да предизвика голема радиоактивност. Најмалото тактичко нуклеарно оружје може да биде од еден килотон, што претставува еквивалент на илјада тони експлозив ТНТ, а најголемото може да биде и до 100 килотони. Стратегиското нуклеарно оружје е поголемо, односно 1000 килотони и повеќе, и се лансира на подолг дострел. Според информациите на западните разузнавачки служби, тактичкото нуклеарно оружје на Русија брои околу 2000, а во изминатиов период Русија инвестира во подобрување на дострелот и прецизноста на ова оружје. Нивните тактички нуклеарни боеви глави можат да се поставаат на различни видови конвенционални крстосувачки проектили, но може да биде употребено и од авиони и бродови. Во февруари 2022 година, непосредно пред да ја нападне Украина, рускиот претседател Путин нареди да се одржи вежба со нуклерното оружје, а подоцна нареди руските нуклеарни сили да се ставаат во „специјална борбена готовност“. Како што ескалираше состојбата на терен, неговите изјави одеа дотаму дека, Русија е подготвена да го брани

Тактичкото нуклеарно оружје досега никогаш не било користено во вооружен конфликт. Нуклеарните сили, како што се САД и Русија, сметаат дека е подеднакво ефикасно да се уништуваат цели на бојното поле со користење на модерна конвенционална муниција. Ниту една земја со нуклеарно оружје досега не била подготвена да ризикува да започне сеопфатна нуклеарна војна со употреба на тактичко нуклеарно оружје. Сепак, со оглед на ситуацијата на теренот, Русија би можела да користи мало тактичко нукларно оружје како дел од нивните конвенционални сили, сметајќи дека со тоа нема да го преминат прагот за почнување на нуклеарна војна, односно употреба на стратешко нуклеарно оружје

територијалниот интегритет со сите расположиви средства. Западните аналитичари сметаат дека ова е закана упатена кон Западот, со цел да се спречи помошта кон Украина но, исто така, сметаат дека доколку Русија претрпи поголеми неуспеси за да избегне пораз, може да употреби тактичко нуклеарно оружје. Како и да е, ова е протолкувано како јавен сигнал што можеби укажува на вистинската намера на Путин за предупредување кон НАТО – да не се вклучи воено во Украина. Алијансата отсекогаш била со јасен став дека нема да го стори тоа, знаејќи дека може да предизвика директен конфликт со Русија, кој може да ескалира во нуклеарна војна. Москва го потцени отпорот на бојното поле во Украина, ги потцени можностите на западните сојузници и затоа, фрустрирана и разочарана, таа е принудена да посегнува по нови опции. Меѓутоа, доколку заканата од страна на Путин е само предупредување, а не намера за употреба на нуклеарно оружје, секогаш постои ризик од погрешна процена на страните во конфликтот и можност настаните да излезат од контрола.

Армијата на САД е во статус на тревога познат како Дефкон – готовност за одбрана, а западните сојузници внимателно ја следат состојбата, недозволувајќи дополнително да ескалира ниту реториката ниту преземените акции, коишто би можеле да предизвикаат руски одговор. Во моментов нема нуклеарна криза и не смее да се дозволи да прерасне во таква. За време на Студената војна, западните сојузници создадоа разузнавачка заедница којашто го следеше нуклеарниот арсенал на Москва. Сателитите, пресретнатите комуникации и други извори беа анализирани за да се бараат какви било знаци на промени во однесувањето, што ќе значи предупредување. Аргументот за одржување на голем број нуклеарни оружја е создавање на капацитет за целосно уништување на непријателот и спречување на напад. Во минатото се извршени многу нуклеарни тестирања со постојано унапредување на нивната техничка сложеност и деструктивна моќ. Руската политика го декларира нуклеарното оружје како инструмент за одвраќање и наведува четири случаи за негова употреба: лансирање на балистички ракети кои ја напаѓаат територијата на Руската Федерација или нејзините сојузници; употребата на нуклеарно оружје или други видови оружје за масовно уништување против Руската Федерација или нејзините сојузници; напад на критични владини или воени локации на Руската Федерација, што ја загрозува нејзината нуклеарна способност; агресија врз Руската Федерација со употреба на конвенционално оружје кога е загрозено самото постоење на државата.



Од почетокот на Руско-украинскиот конфликт, употребата на нуклеарното оружје беше една од главните дилеми во сите анализи. По неуспешната реализација на првичните февруарски планови за брзо соборување на украинската влада, од страна на Москва сè почесто беше употребувана фразата за потсетување на разорната моќ на овие оружја. Секако, оваа реторика беше и за домашна употреба, односно по одлуката за делумната мобилизација и тврдењата на Путин дека НАТО ѝ се заканува на Русија, темите за употреба на нуклеарното оружје се начин да се смири домашното јавно мислење, дека и покрај пресвртот и напредувањето на украинските сили на терен, земјата е способна да се брани. Според руската воена доктрина, нуклеарното оружје ќе се користи само ако самата руска држава е загрозена, а евидентно е дека реториката која се користи за неговата употреба е во одбранбена смисла или, според Путин, претставува одговор на западните нуклеарни закани. Тој нагласи дека не блефира, доколку постои ситуација во која е загрозен територијалниот интегритет на Русија. Важно прашање е до каде Русија смета дека нејзината територија се протега по референдумите на украинска територија. Ова нè наведува дека употребата на нуклеарно оружје не може да се отфрли во целост. Западните сојузници на овие провокации одговараат само со внимателно следење на состојбата и стратегијата на Русија.

Во војната која трае повеќе од шест месеци, Украина е снабдувана со оружје од повеќе од 30 земји. Во однос на севкупните трошоци за директна воена поддршка, први се САД, по нив се Полска и Обединетото Кралство. Претседателот Зеленски апелираше за поголема помош, нагласувајќи дека месечните трошоци за одбрана на





Украина се околу 5 милијарди долари. Досега, вкупниот придонес на САД изнесува приближно 12,5 милијарди американски долари. И Обединетото Кралство, исто така, вети дека ќе даде дополнителни 64 милиони долари воена помош за Украина. Успехот на бојното поле бара огромен опсег на оружје, како и обука, резервни делови и друг вид на поддршка, а ниту еден вооружен систем не е сам по себе совршен и доволен. Меѓутоа, досега неколку вооружени системи играат клучна улога во конфликтот. Дострелот на американските системи „М142“ (High Mobility Artillery Raket System – Himars) со муницијата којашто била испорачана, му овозможува дострел од околу 80 километри, поголем од системот „Смерч“, што го користи руската страна. „Химарс“, исто така, е многу попрецизен од еквивалентните руски системи. На почетокот на јули, Австралија, Канада и САД, во Украина испратија повеќе од 100 хаубици „М777“ и 300.000 парчиња муниција од 155 мм. Од противтенковско оружје, најмалку 5000 лансери NLAW (лесно противтенковско пешадиско оружје), дизајнирани да уништуваат тенкови со еден истрел, ѝ беа доставени на Украина. Се смета дека оружјето било особено важно за запирање на напредувањето на руските сили кон Киев во период на почетокот на инвазијата. Овој ракетен систем ги елиминира дури и најнапредните тенкови. Тој е најдобар во класата и се употребува во сите средини, вклучувајќи ги и населените места. Од Полска и Чешка, Украина доби повеќе од 230 тенкови. Вооружените сили на Украина со децении користат тенкови „Т-72“, и покрај обучениот екипаж имаат можности за одржување и резервни делови. Беспилотните летала досега многу активно се користат во конфликтот, за снимање на теренот, за нишанење и за сложени операции за уништување критични цели. Турските дронови „Бајрактар“ се исклучително ефикасни, извршувајќи задачи на висина од 7600 метри, напаѓајќи руски цели со ласерски наведувани проектили. Исто така, беспилотните летала се користени за изведување на прецизни артилериски напади преку обезбедување на точни локации на руските позиции. Од САД, Украина доби напреден ракетен систем „земја-воздух“ – NASAMS, а од Словачка системите за противвоздушна одбрана „С-300“.

Кога Советскиот Сојуз се распадна во 1991 година, на територијата на Украина останаа илјадници поранешни советски нуклеарни боеви глави, како и стотици интерконтинентални балистички ракети, кои таа одлучи да ѝ ги остапи на Русија. Украина никогаш немала независен арсенал на нуклеарно оружје, ниту контрола врз него, но се согласила да го отстрани поранешното советско оружје стационирано на нејзина територија. Во 1992 година, Украина, заедно со Белорусија и Казахстан кои, исто така, имаа поранешно советско нуклеарно оружје на своја територија, го потпишаа Лисабонскиот протокол со кој се согласија да пристапат кон Договорот за неширење на нуклеарно оружје, како држави што не поседуваат нуклеарно оружје. Украина во 1994 година се приклучи на Договорот за неширење нуклеарно оружје. Трансферот на целиот нуклеарен материјал траеше одредено време, но до 2001 година, целото нуклеарно оружје беше префрлено во Русија за да се демонтира и да се деактивира. Во 1994 година, Русија, Обединетото Кралство и САД го потпишаа Меморандумот од Будимпешта со кој повторно се обврзаа на обврските според Повелбата на ОН – да го почитуваат суверенитетот на Украина и да не се користи сила против нејзиниот територијален интегритет или независност. Повторно беше утврдена нивната политика за некористење нуклеарно оружје против државите кои не се вооружени со нуклеарно оружје,





освен ако таа држава не ги нападне во партнерство со држава која поседува нуклеарно оружје. Употребата на сила или инвазијата на Украина би била кршење на овој Меморандум но, пред сè, на Повелбата на ОН, на која се заснова Меморандумот. Нема многу историски докази дека поседувањето или присуството на нуклеарно оружје дефинитивно го спречува конфликтот, иако може да се земат предвид и многу други варијабли, вклучувајќи ја и забраната за употреба на сила според Повелбата на ОН. Стационирањето на американско нуклеарно оружје во Европа, како и руските нуклеарни системи со краток дострел, дизајнирани за европски цели, го зголемуваат ризикот од употреба на нуклеарно оружје во регионот. Стационирањето на руско нуклеарно оружје во други земји само дополнително ќе ги зголеми тензиите и ќе ги зголеми ризиците од употреба. Меѓународните договори, како регионалните зони без нуклеарно оружје и Договорот за забрана на нуклеарно оружје, би забраниле многу земји ширум светот, вклучувајќи ги Куба и Венецуела, да стационираат нуклеарно оружје на нивна територија. Русија има сериозни резерви на таканаречено тактичко нуклеарно оружје наменето за употреба на бојното поле. Чеченскиот лидер, којшто му е лојален на Путин, Рамзан Кадиров, му предложи на рускиот претседател да размисли за употреба на „нуклеарно оружје со низок интензитет“ во Украина. Меѓутоа, Кремљ го отфрли предлогот. Од страна на потпаролот на рускиот претседател беше изјавено дека не се размислува за употребата на нуклеарно оружје надвор од руската воена доктрина, која дозволува нивно распоредување, доколку Русија биде нападната или ако е загрозено самото постоење на државата. Можноста Путин да распореди нуклеарно оружје е мала, но со оглед дека руските сили трпат воени неуспеси во Украина, ризикот се зголемува. Русија би можела да користи тактичко нуклеарно оружје на неколку начини. Првиот е демонстративен – нуклеарен истрел кој нема да повреди никого, односно тоа може да биде детонација под земја, некаде високо на небото над Украина или на некое ненаселено место. Меѓутоа, и демонстративен напад би довел до ескалација на конфликтот и би ја зголемил можноста за руски напад врз некој поголем украински град. Тоа веројатно би предизвикало глобална реакција. Демонстративниот ефект би покажал дека Русија е подготвена да го употреби нуклеарното оружје, но дека останала претпазлива за целосно искористување на неговата моќ. Втората можност е напад врз украинска воена цел или клучен дел од инфраструктурата. Колку би било корисно ова, исто така останува отворено прашање. Украинските воени сили се многу дисперзирани, а боевата глава од 1 килотон треба да детонира на 90 метри од тенк за да нанесе сериозна штета. Третиот и најескаларачки потег би бил напад врз членка на НАТО. Тешко е да се предвиди како западните сојузници ќе одговорат на нападот врз НАТО. Тоа што е јасно и сигурно е дека ќе биде активиран членот 5, кој се повикува на одговор на колективна одбрана, а Москва е свесна дека би ризикувала разурнувачки нуклеарен напад од страна на западните сојузници. Евентуалната употреба на нуклеарно оружје ќе ги наведе Кина и Индија да ги преиспитаат односите со Москва, а Русија, глобално, би била целосно изолирана. Потребно е зголемување на санкциите кон Русија, дополнително изолирање на Москва на меѓународно ниво, вооружување на Украина со понапредно оружје и удвојување на напорите за воено зајакнување на Источна Европа.



д-р Ненад Танески



# Нови геополитички трендови во Европа и Стратегискиот компас на ЕУ

Во последните неколку години ЕУ се соочува со глобални безбедносни трендови, предизвици и закани кои се од стратегиски, политички, економски, енергетски и друг карактер. За одговор на ваквите трендови, безбедносни предизвици и закани, ЕУ мора да изнајде соодветни механизми и политички алатки за ефикасно справување со истите

Европа мора да биде подготвена да се справи на соодветен начин со големите геополитички промени и да ги одбрани своите интереси, како и да ја промовира својата визија за иднината. Од друга страна, геополитичките трендови на ЕУ се тесно поврзани со внатрешната реторика и поделеноста меѓу самите земји членки на Унијата на „стари“ и „нови“, односно на „богати“ и „сиромашни“. Јазот, во однос на економијата, инфраструктурата и енергетската стабилност меѓу Западна Европа од една страна и Источна и Централна Европа од друга страна, се проценува дека изнесува над 500 милијарди евра во корист на Западна Европа. Ваквиот нерамномерен развој, членките од Источна и на Централна Европа прават напори да го надминат преку ралзични форми на регионализација и соработка со трети земји надвор од Унијата. Дополнителен безбедносен, одбранбен и политички предизвик претставуваат и разликите меѓу „старите“ и „новите“ членки во однос на различното сфаќање на политиката за соработка со Кина и со Русија, како и во однос на проширувањето на ЕУ со земјите од Југоисточна Европа, односно со државите од Западен Балкан. Геополитичките трендови, предизвиците и заканите со кои се соочува ЕУ не се само територијални или воени (military or territorial), туку тие се тесно поврзани и со милитаризацијата на „меката“ моќ на државите (soft power is weaponized). Справувањето со ваквите трендови, предизвици и закани бара темелна промена, не само во начинот на сфаќање на безбедноста туку и во начинот на размислување и во пристапот на севкупното функционирање на ЕУ. Со цел да се изгради заеднички безбедносен, одбранбен и политички пристап кон сите отворени прашања од заемен интерес за сите членки, ЕУ го усвои Стратегискиот компас. Компасот е водич за дејствување преку воспоставување на политичка ориентација и специфични цели во четири области: дејствување, безбедност, инвестирање и партнерство. Поконкретно, ЕУ, со четирите области го опфаќа

управувањето со кризи и способноста на ЕУ да реагира што е можно побрзо на вонредни ситуации, на градењето на отпорноста и на заштитата од хибридното војување и сајбер-заканите, на заштитата на европските интереси на копно, на море и во вселената. Исто така, се фокусира и на зајакнување на европските партнерства во областа на безбедноста и одбраната, посебно со НАТО, со ОБСЕ, со Африканската унија, со САД и со Канада. Со Стратегискиот компас ЕУ прави напор да се проектира во респективна сила на светската сцена преку воспоставување на заедничка стратегиска визија за нејзината безбедност и одбрана во следните 5 до 10 години. Идејата е преку Компасот да се определат амбициите на европската безбедност и одбрана до 2030 година, со цел Европа да биде моќен и релевантен фактор во светот, целосно суверена, слободна во изборот и господар на својата судбина. Со Компасот дадени се конкретни оперативни насоки како да се дејствува, со цел да се овозможи ЕУ да стане безбедносен давател на услуги на своите граѓани и да ги заштити вредностите и интересите на Унијата. Дискусиите за современите безбедносни закани и предизвици и геостратегиски и геополитички трендови со кои се соочува Европа, преку споделување на националните погледи и ставови се многу актуелно прашање во последните неколку години. Ваквите дискусии добија на тежина после 24 февруари 2022 годна, односно после агресијата на Русија врз Украина. Денес безбедносните предизвици со кои се соочува Европа и Евроатлантската област се многу поразлични за разлика од оние во 1990-тите години на минатиот век. Доминантни геополитички трендови се евроатлантските и европските интеграции на европско тло, посебно во државите од Западен Балкан, како и надминувањето на јазот во развојот меѓу старите и новите членки на ЕУ. Овие трендови како да добија нов безбедносен предизвик со неиспровоцираната агресија на Украина од страна на Русија. Трендовите, заедно со заканите и предизвиците, добија соодветно место и во новиот Компас на ЕУ. Една од дилемите во минатите неколку години беше како Европа и Југоисточна Европа да ги претставaт промените во безбедносната парадигма (Bazo, 2021), без да предизвикаат поголеми турбуленции во безбедноста. Трендовите кои ја засегаат ЕУ наликуваат на оние со кои се соочува НАТО, а заканите и предизвиците по безбедноста речиси се идентични.



Имено, „НАТО 2030“, процесот на рефлексија, потенцира дека Евроатлантската област и Европа се соочуваат со сет на предизвици кои го предизвикуваат системот на вредности и владеење заснован на закон и правила. Предизвиците и заканите по безбедноста на Европа не доаѓаат само од страна на авторитарните и недемократски држави, туку и од терористичките групи, климатските промени, миграцијата, геополитичкиот натпревар, хибридните закани, дезинформациите, лажните вести, критичната инфраструктура, сајбер-нападите, итернетот, неконтролираното воведување на 5Г-технологијата од трети земји, нерешените спорови од минатото и Русија која ја предизвикува традиционалната безбедност на тлото на Европа (NATO 2030: United for a New Era, 2020).
Паралелно на „НАТО 2030“, ЕУ во Компасот од 2022 година ги препознава речиси истите предизвици и закани по безедноста на Унијата како и НАТО во рамките на својот процес на рефлексија, преточени кон крајот на јуни на Самитот во Мадрид во новиот Стратегиски концепт на Алијансата. Покрај наметливоста на Русија, посебно место му е дадено на тероризмот и насилниот екстремизам за кои се смета дека ќе продолжат да бидат сериозна закана по мирот и безбедноста. Во оваа група на закани се вбројуваат и терористите генерирани во државите членки, странски борци и повратници, екстремни делувања и напади насочени, охрабрени или инспирирани од странство, како и ширење на идеологии и верувања кои водат до радикализација и насилен екстремизам (A Strategic Compass, 2022:22). Дополнително пондерирање на опасноста доаѓа и од можноста за ширењето на оружјето за масовно уништување и од реториката настаната од од страна на Русија и на Кина кои спротивно на меѓународните договори ги зголемуваат нуклеарните потенцијали и развиваат





нови вооружени системи (A Strategic Compass, 2022:22). Ваквите трендови водат кон ерозија на механизмите за контрола на вооружувањето, а со тоа генерираат и предизвици и закани кои можат да ја загрозат безбедноста на државите. Понатаму, во Компасот, поголемо внимание се посветува и на сајбер и хибридните закани. Се потенцира потребата од „hybrid toolbox“, како сет на алатки што ЕУ во најскоро време треба да го развие, односно до крајот на 2022 година. Се смета дека овој сет на алатки (hybrid toolbox) ќе ја обезбеди рамката за координиран одговор на хибридни напади на ЕУ и на земјите членки. Овој сет (hybrid toolbox ) се очекува да биде составен од „превентивни, кооперативни, стабилизирачки и рестриктивни мерки“ (A Strategic Compass, 2022:34). Слично како и НАТО, така и ЕУ го препознава сајбер-просторот како поле на стратегиски наптревар во време на растечка зависност од дигиталните технологии и затоа нуди предлог-решенија за да се заштити од сајбер-заканите.

Агресијата на Русија врз Украина докажа дека Европа е еднакво ранлива и можеби денес е во поголема опасност отколку кога било претходно. Војната против Украина ја направи поургентна потребата од видливи промени во безбедноста и одбраната на ЕУ (Borrell, 2022a). Самата природа и појава на безбедносните предизвици укажува дека во споредба со оние од пред 20 години, истите се диверзифицирани како никогаш досега и се мошне попредизвикувачки (Haibach, 2021). Станува збор за безбедносни предизвици со кои ниту една држава не може самостојно да се справи. Поради тоа неопходна е посеопфатна соработка меѓу државите за справување со истите. Европа треба да се осигура дека геополитичкото будење на ЕУ ќе го претвори во стратегиско одвраќање. Прашањето е само како да го направи тоа.

Еден од начините е преку интеграција и јакнење на регионалната безбедност. Само така Европа ќе стане порезистентна на современите безбедносни презивици и закани. За поефикасно и навремено справување со заканите и предизвиците, потребно е да се обезбеди меѓународна



размена на информации и да се поттикне дијалог за значајните теми, со цел изнаоѓање на механизми за ефикасно справување со целокупниот спектар на предизвици и закани.

Ова е особено важно во време на глобализација, лажни вести и кампањи за дезинформирање на граѓаните, при што дијалогот е централен елемент на безбедносната политика од кога било порано. И ЕУ и НАТО се наоѓаат на историски крстопат и ги адаптираат своите стратегии и добро е што во рамките на овие процеси тие не се натпреваруваат меѓусебе. ЕУ го усвои својот Стратегиски компас на 21 март 2022 година, а НАТО својот нов Стратегиски концепт на 29 јуни 2022 година. Тие работат заедно, како никогаш порано, за да ги адресираат безбедносните предизвици кои можат да ги дестабилизираат државите во Европа. Меѓутоа, ова не е натпревар меѓу нив туку надополнување на едните со другите и се прави напор да се избегнат дуплирањата во развојот на способностите за одговор на заканите. Воедно, и НАТО и ЕУ работат на изградба на механизми за заедничка координација и справување со истите. Безбедносните предизвици со кои се соочува НАТО се слични со оние со кои се соочува ЕУ. Денес, на нив се гледа покохерентно и се бара посоодветен заеднички начин на приспособување и одговор.  НАТО веќе се наоѓа во процес на адаптација, поттикната преку процесот на рефлексија. Приспособувањето ја има клучната улога за опстанокот на НАТО и засилувањето на неговата улога како давател на безбедност во следната декада, а и потоа. Приспособувањето е потребно во поглед на справувањето и со климатските промени, со предизвиците на меѓународниот поредок заснован на правила и закони, со заканата од Русија и влијанието на Кина, со влијанието на развојните и разорните технологии (Emerging and Disruptive Technologies - EDTs), Концептот за одбрана и одвраќање, како и за воспоставувањето на поцврст линк – синергија меѓу САД и НАТО, со цел јакнење на трансатлантската врска. Овие елементи се нотирани во новиот Стратегиски концепт на Алијансата (Rademacher, 2021). Комплементарно, и НАТО и ЕУ треба да се подготвуваат и да дејствуваат, односно да изградат заеднички пристап и соодветни алатки за справување со овие предизвици и закани.

д-р Игор Ѓорески



# Сторија за една војна – Војната Иран-Ирак (1980 – 1988)

Како причина за почеток на Иранско-ирачката војна (1980 – 1988 година) се сметаат големиот број територијални и политички спорови меѓу двете земји. Ирак имал намера да преземе контрола над иранскиот пограничен регион, богат со наоѓалишта на нафта, населен во најголем дел со етнички Арапи. Официјален Ирак сакал да го потврди суверенитетот на земјата на двата брега на реката Шат ал Араб, формирана од сливот на реките Тигар и Еуфрат, која историски била границата помеѓу двете земји. Освен тоа, ирачкиот претседател Садам Хусеин бил загрижен по обидите на Исламската револуционерна иранска влада за поттикнување бунт меѓу ирачкото шиитско население

Непријателството меѓу двете земји започнало на 22 септември 1980 г. со окупирање на дел од територијата на Западен Иран од страна на ирачките вооружени сили. Ирак, пак, тврдел дека војната започнала порано, на 4.септември, кога Иран гранатирал голем број гранични пунктови. По повеќемесечни гранични инциденти, ирачките вооружени сили започнале воен напад на Иран, навлегувајќи со оклопни единици на иранска територија, настапувајќи на 4 одвоени правци. Тактичко-оперативното изненадување било на ирачка страна, освојувајќи значителен дел од територијата. До декември 1980 г. ирачката армија со офанзивата навлегла околу 80–120 km во иранска територија. Изгледало дека Иранците биле слабо опремени и неподготвени за спротивставување на ирачката иницијатива, иако ирачката операција била површно и лошо испланирана и без единствена оперативна цел.
Најуспешните операции од ирачката инвазија биле спроведени првите 72 часа. Офанзивата ги демонстрирала речиси сите особини на успешна молскавична војна. Меѓутоа, почетните успеси набргу се истопиле и се претвориле во исцрпувачка позиционирана војна, заради решителноста и упорноста на иранската армија, набрзина составена од „Исламската гарда“ и делови од регуларната војска. Не било за верување дека моќните ирачки оклопни ударни сили биле целосно запрени од страна на една слабо оспособена и војска со слаб морал, набрзина распоредени за одбрана. Иранската армија на почетокот на кампањата успеала да го запре продорот на ирачките сили со непредвидена тактика на масовни бранови на напад од страна на „Исламската гарда“, користејќи противтенковски водечки ракети и борбени хеликоптери. Со ваквите напади иранската армија изгубила голем број војници, но била покажана голема пожртвуваност. Се покажало дека пешадијата, вооружена само со современи противоклопни средства и рачни фрлачи, целосно ја запрела ирачката оклопна офанзива.
После почетните успеси на ирачката офанзива, војната навлегла во фаза на позиционираност, со повремени обиди за изведување напади и противофанзива. На Иранските сили им било потребно неколку месеци по продорот на Ирачки воени сили на нивна територија, да ја изведат својата прва противофанзива во јануари 1981г., воведувајќи во борба една оклопна дивизија и една падобранска бригада. Иранските војници, по организирањето одбрана, најмногу се потпирале на ангажирање на оклопните сили и не ангажирале голем број пешадиски единици за експлоатација на извршените продори, заземање и држење на позиции. Недоволното ангажирање на пешадијата највеојатно било заради намерата да се избегнат поголеми загуби во жива сила. Можна причина за вакво нешто била и




претпоставката дека имало недостаток на средства за врски за навремено обезбедување содејство на единиците во борбените дејствија.
Тој противнапад на иранските сили не го издржал потребното темпо на настапување заради неодреденост на јасна цел на дејството и неадекватно логистичко обезбедување на единиците. Обете страни имале голем број жртви и уништена борбена техника. Со овие борбени дејства Ирак извојувал ограничена победа со малку корист (изгубиле 100-тина тенкови наспроти околу 150-те на иранска страна). Дополнително ситуацијата ја влошувала и слабата логистика, неспособна да обезбеди навремено снабдување и одржување на сопствените единици во согласност со борбените ситуации на теренот. Во текот на 1981 г. запоседнатите позиции и линијата на фронтот останеле скоро непроменети, со постојани помали воени судири и незначителни помрднувања на линијата на фронтот. Ирачките единици се обидувале во повеќе наврати да извршат пробој на фронтот, подготвувајќи и реализирајќи повеќе планови за пробив и со концентрирање на оклопните и артилериските сили, но со тоа не успеале да ја скршат упорната одбрана на иранските војници. Со текот на времето, обете страни го прифатиле позиционираното војување со повремени напади и противнапади и со голем број жртви. Како времето минувало, така Ирачаните го губеле чувството за остварување некаква цел. Тактиката која ја применувале не давала никакви резултати. Сфатиле дека логистичкото снабдување и економичноста на водење современа војна со долготрајни исцрпувачки борбени дејствија е со многу висока цена. Отсуството на јасна воена цел, преголемите материјални трошоци на војната и големите загуби во жива сила и борбена техника, го уништиле борбениот морал на ирачките војници. Во ваква ситуација, иницијативата на војувањето ја презеле Иранците. Ирачкото воено раководство искажало склоност кон примена на застарена и крута тактика и кон помали изолирани битки. Од другата страна, Иран немал современа воена доктрина и тоа го надоместувал со фанатизам. Но, и двете армии не покажале вештини и способност за употреба на здружени состави. Во прилог на тоа биле и забелешките дека иранските напади изведени во 1983 г. биле идентични на почетните напади на ирачката војска во 1980 г. – неколку фронтални напади, силно поддржани со оклопни единици, обезбедувајќи времени напредувања. Во таквите напади, Ирачаните, од своите утврдени одбранбени позиции им нанесувале големи загуби и го запирале нападите. Забележително било отсуството на содејство со тактичката авијација. Сето ова наведувало на фактот дека неспособноста на обете армии за организирање содејство на родовите на војските во борбените дејствија, се засновала на недостатоците или непостоењето ефикасен систем на командување и контрола на единиците. Интересно е и да се забележи дека ниедна страна не покажала многу креативност во тактиката или во тековите на изведување на борбените дејства. Основно борбено средство, речиси секогаш им било тенкот. Артилериската огнена поддршка и поддршката со борбени хеликоптери биле ретко ефикасни, а блиската воздушна поддршка била повремена. Ниедна страна не била оспособена да концентрира потребни борбени сили и средства на клучни точки за ефикасно извршување на продори и понатамошно изведување на операции за постигнување стратегиска победа. Обете страни биле соочени и со тешки проблеми заради лошото логистичко обезбедување.
Армиите на двете земји имале сличности – користеле огромни количини на (во тоа време) најсовремена воена техника и опрема, набавена скоро подеднакво, од партнери и од Источниот блок (приврзаници на СССР) и од Западниот свет (приврзаници на САД). Обете завојувани страни биле значително изедначени по големината, организацијата и јачината на своите



вооружени сили и ниедна од нив немала воена надмоќ над другата на почетокот на конфликтот.
Борбите завршиле со прекин на огнот во 1988 г., иако продолжувањето на нормалните дипломатски односи и повлекувањето на трупите не се случиле сѐ до потпишувањето на официјалниот Мировен договор на 16 август 1990 година.
Вкупниот број на војници од двете страни не е утврден, но и двете земји биле целосно мобилизирани, а повеќето возрасни мажи биле под оружје. Бројот на жртви бил огромен, но и неизвесен. Процените за вкупните жртви се движат од 1.000.000 до двојно повеќе. Бројот на загинати на обете страни најверојатно бил по околу 500.000, при што Иран претрпел поголеми загуби. Се проценува дека помеѓу 50.000 и 100.000 Курди биле убиени од ирачките сили за време на серијалот на кампањи, наречен „Anfāl"во 1988 година. Во август 1990 г., додека Ирак бил преокупиран со неговата инвазија врз Кувајт, Ирак и Иран ги обновиле дипломатските односи. Ирак се согласил со иранските услови за завршување на војната: повлекување на ирачките трупи од окупираната иранска територија, поделба на суверенитетот над Шат ал Араб и размена на воени затвореници.
По завршувањето на воените дејства, на воените аналитичари не им било потребно многу труд за да заклучат дека основна одлика на оваа војна била долготрајноста и дека навистина не е светол пример за воената историја, заслужна за опсежни проучувања. Можело да се посвети внимание единствено на проучување на употребата на воена технологија, која не била следена од соодветна воена доктрина. Тоа било можност да се согледа до кој степен воената



технологија и современите системи ги исполниле очекувањата и барањата од истите; дали таканаречените „паметни" (smart) и „самоводечки" системи на оружја и сложената електроника на боиштето се одлучувачки фактор или само важна карика во изведувањето борбени дејствија и дали примената на ваквата напредна технологија е поважна во напад или во одбрана.
Се поставува и прашањето: Какви импликации има човечкиот фактор и обуката од оваа војна на натамошниот развој на воената вештина ? Во прилог на погоренаведеното се наведуваат и три значајни моменти:
1. Иако иранската армија имала современи тенкови во својот состав и истите ги вовела во борбите, тие недоволно ги искористиле големиот број складирани современи противтенковски средства, набавени не многу одамна.
2. И двете армии очигледно биле неспособни и морално неподготвени да го одредат соодносот на сили на боиштето и да организираат содејство на сопствените сили – оклопните единици, артилеријата, тактичката авијација, борбените хеликоптери и механизираната пешадија.
3. Големите разорни ефекти на современите борбени системи, што можеа да се видат и во Иранско-ирачката војна, го поставиле прашањето за класична тактика „воздух-копно", развивана во текот на Втората светска војна и после тоа. Дотогашната тактика на изведување пробив со блиска авиоподдршка и артилериски оган за неутрализирање цели, после што следел масовен напад со оклопни сили за пробив на фронтот и со настапување пешадија зад нив, била веќе неефикасна заради чувствителноста и ранливоста на тенковите и авионите за поддршка од современите „smart" системи.
Не постојат доволно сигурни и детални информации кои детаљно ја опишуваат Иранско-ирачката војна, што значително ги отежнува анализите од воен аспект, иако земјите се на стратегиски чувствителен регион во светски рамки. Секако дека овој конфликт заслужува повеќе внимание за анализирање, иако бил само низа од самоисцрпувачки офанзиви во кои територијалните придобивки и за двете страни биле сосема мали, а желбата за победа била нереална и претерана.



М.С.




# Морален универзализам и морален релативизам

## Модерниот концепт за војна на Клаузевиц

Моралниот универзализам се залага за тоа дека одредено морално однесување (или размислување) се применува универзално и важи за сите, без разлика на возраста, религијата, припадноста на култура или околностите. Моралниот релативизам се залага за тоа дека постојат одредени фактори кои можат да одредат дали некоја појава (или постапка) е морална или е неморална за одредена група на луѓе. Моралните релативисти тврдат дека моралните вредности се однесуваат само на групите кои ги имаат создадено и кои ги почитуваат и дека не е правилно моралните вредности од одредена група да се применуваат врз друга група. При разгледување на Теоријата за праведна војна се разгледуваат моралните убедувања и правните ограничувања кои произлегуваат од традициите на западната култура. Сепак, постојат преклопувања и различности помеѓу муслиманските и христијанските размислувања за моралноста на војната и војувањето. Делот кој се однесува на „имунитетот“ на цивилите е ист и во двете култури, но тоа не треба да нé наведе на размислување дека станува збор за морален универзализам.

Начинот на кој пристапуваме кон моралноста и кон моралното донесување одлуки зависи од тоа дали поединецот кој ги донесува одлуките се идентификува како морален универзалист или како морален релативист. Овој текст е наменет да помогне во дефинирањето и разбирањето на моралниот универзализам и моралниот релативизам како поими

Моралниот универзализам се однесува на комплетен пристап во однесувањето, а не како моралност (или неморалност) во одредена активност). Моралниот релативизам, пак, овозможува преклопување на различни морални однесувања и се залага за фактот дека моралноста се однесува исклучиво на заедницата која ги создала правилата и ги почитува. Во основа, дебата помеѓу моралните универзалисти и релативисти може да се сведе на две прашања: 1. Дали постои морална вистина која ги поврзува сите луѓе?; 2. Кој има право да ги одреди моралните правила во рамки на одредена група или заедница?

Ноам Чомски, во едно од неговите интервјуа, поставува една дилема: Што е тоа што ги осудува нашите непријатели, а нè помилува нас за исти, или слични, постапки? Доколку сме морални универзалисти, одредена активност би ја квалификувале како морална (или неморална), без разлика на тоа кој ја практикува.



професионалец. Иако праведноста е пример за универзална етичност, сепак воениот професионалец треба да поседува и борбеност и храброст бидејќи без нив нема да може да ја одбрани својата праведност. Размислувањата за моралноста не треба да се сведат на релативноста на моралните вредности, туку треба да се разгледува кои морални вредности го зголемуваат (или намалуваат) моралниот релативизам. Предупатните обуки на воените професионални кои се упатуваа во зони на операции со културолошки карактеристики различни од тие во нивните општества, само го засилуваат моралниот релативизам и оневозможуваат спротивставување на корупција или суров однос кон жени и деца.

Моралниот релативизам најчесто се состои од тврдења кои потекнуваат од искуството кои е длабоко втемелено во широко-распространетите морални несогласувања на една група на луѓе во споредба со друга група на луѓе. Некои од морално релативистичките гледишта дури и се судираат со некои универзално-прифатени максими како „однесувај се кон другите како што сакаш да се однесуваат кон тебе“ или дури со некои од основните човекови права. Како примери тука се наведуваат општо прифатена пракса на локалните моќници и племенски водачи во Авганистан до себе „држат“ млади момчиња кои „служат чај“ или практиките кон припадничките на женскиот пол во Судан, Централноафриканската Република, Мали, итн. Заради ваквата примена на моралниот релативизам, воените професионалци кои изведуваат операции и се на терен најчесто се приморани да ги прифатат негативните ситуации како

Можеби првите морално-релативистички размислувања потекнуваат од Херодот кој тврдел дека нашите гледишта за што е правилно, а што погрешно потекнуваат од нашето стојалиште. Односно, тој тврдел дека секое општество (или ера, епоха) верува дека начинот на кој тие ги извршуваат активностите е најдобар. Тогашните тврдења на Херодот денеска, за нас, се секојдневие, а тоа е дека тоа што ние (и за нас) сметаме дека правично и правилно, всушност е релативно. На пример, Талибанците веруваат исто толку цврсто дека нивните уверувања се правилни, колку што веруваме ние дека нашите уверувања се правични. Поединец кој практикува вооружена борба за некого може да е терорист, а за некој друг може да биде борец за слобода. Комплетното релативизирање на гледиштата, на крајот, сепак е неодржливо при соочување со фактите. Имено, апартхејдот во Јужна Африка и ропството во западната култура се негативни појави и не постојат околности кои можат да ги „позитивизираат“ или да ги направат попријатни овие две појави.

Воените вредности сé почесто се разгледуваат како еден од најдобрите начини за подривање на етичкото образование на воените професионалци. Кај воените професионалци, етиката е фокусирана на должноста при извршување на активностите и задачите, односно на одредување што е погрешно, а што правилно, што е дозволено, што е обврзувачко и на стремежот на поединецот да биде забележан и запаметен како добар и за пофалба. Од тие причини, военото образование треба да се стреми кон користење на Аристотеловиот пристап, односно дека правењето на доблесни работи нé прави доблесни и вршењето на храбри дела нé прави храбри. Ваквиот пристап подразбира можност за градење на карактерот на воените професионалци. Карактерот е нешто што може да се развие и доблеста и етичноста се карактеристики кои можат да се развијат низ обука и практична работа. Избегнувајќи ги функционалниот пристап и фокусирајќи се на стремежите и желбите на поединците, военото образование треба да се стреми кон создавање на добри личности, следејќи ја максимата дека од лоши личности не може да се направи морален воен професионалец, но сепак може да се направи ефикасен воен



„културолошки предодредени“ и од таа причина непроменливи. Прифаќањето на моралниот релативизам во вакви ситуации само го запира моралното напредување и укинувањето на таквите и слични практики во средините и во општествата каде што се дозволени. Само најрадикалните форми на морален релативизам не признаваат постоење на основни права и обврски кои би претставувале контролен механизам за проверка на одредено однесување или пракса. Иако целосниот морален релативизам е неодржлив, сепак треба да постои одредена скромност и воздржаност при соочувањето со вакви и слични појави на неморалност. Обуката треба да ги натера воените професионалци да се воздржуваат од крајностите во моралниот универзализам и моралниот релативизам. Но тука се поставува прашањето за како да се одреди точната позиција при позиционирањето помеѓу двете крајности и како да се димензионира реакцијата на една морална личност при соочување со некоја (идентификувана како) неморална појава?



Неможноста за реакција против најочигледните нарушувања на човековото достоинство, врз основа на морално релативизирање на настаните поради културолошките разлики може да биде прифатена и како извесен морален кукавичлук. Вооружените сили и воените професионалци секогаш ќе бидат во можност да реагираат (можеби и спротивставуваат) на кршењата на човековото достоинство и човековите права при извршувањето на своите должности. Сега, повеќе од кога и да е претходно, таквите случаи ќе се користат за промоција на демократијата, владеењето на правото и одржувањето на човековите права. Како тоа ќе се одрази врз воените професионалци на терен и како воените институции ќе ги подготват за соочување со такви предизвици се прашањата на кои одговор треба да даде системот за воено образование. Најчеста форма на одговор, за горенаведените дилеми, на воените институции е поставување на системи на јасни правила на однесување. Таквото настојување на почитување на систем на правила на однесување има смила бидејќи обезбедува извесна безбедност и потпора како за воените професионалци, така и за локалното население во зоната на операции. Но тоа не е и без недостатоци, посебно во делот на казнените одредби заради непочитување на правилата. Правилата, најчесто, се поставуваат за да се почитуваат без притоа да се понуди алтернатива за тоа како да се мотивираат поединците за похумано однесување. Почитувањето на пропишаните правила за однесување повторно се враќа кон моралната храброст и етичност на поединец кој се наоѓа во дадена ситуација, соочен со (идентификувана) неморалност. Развиеноста на карактерот и доблеста на личноста се единствена гаранција за етичкото однесување на поединецот на бојното поле, или во зоната на операции. Постојат четири (потврдени) основни морални вредности: храброст, мудрост, трпеливост и правичност. Во ситуации кои се морално комплицирани, одржувањето и практикувањето на основните морални вредности го штити воениот професионалец од застранување кон екстремниот морален универзализам и екстремниот морален релативизам. Покрај храброста, како основна вредност за еден воен професионалец во системите за воено образование, треба да се посвети време и за градење на мудроста, трпеливоста и правичноста во моралните системи и во системите на вредности кај воените професионалци. Особено храброста како вредност треба да се толкува низ призмата на морална храброст, на ист или на сличен начин, како што лојалноста се толкува низ призмата на лојалност кон професијата, кон одредена група или организација.



Томица Ристоски




# Свечено одбележан Денот на Командата за операции

Сончев октомври, сино небо, црвено-жолти знамиња и тивок ветер придонесоа уште повеќе за свеченоста при одбележувањето на Денот на Командата за операции. Со пречек на знамето, високи гости, претставници на локална власт, училишта, установи и институции и свеченоста добива на значење, особено во периодот кога и Армијата одбележува 30-годишен јубилеј. На свеченоста се обрати началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски кој го честиташе денот на Командата, потенцирајќи дека очекуваат да продолжат како и досега професионално да ги извршуваат секојдневните задачи. „Во името на сите гости и во свое лично име ви го честитам денот на Командата за операции. Со очекување и надеж дека ќе продолжите и во периодот што претстои, исто како и досега да ги извршувате максимално професионално и квалитетно вашите секојдневни задачи. Не се сомневаме, веруваме во вас и очекуваме сите цели да бидат исполнети во периодот што следи, рече во говорот, началникот на Генералштабот. „Триесетгодишниот јубилеј е јубилеј на подемот и растот и на Армијата како институција со најголема доверба кај граѓаните. Развојот на Армијата е поврзан со развојот на општеството, изминативе години континуирано се работи на оперативноста, на вештините, на борбената готовност“, истакна во своето обраќање командантот на

Припадниците на Командата за операции (КО) во кумановската касарна „Боро Менков“ со воена свеченост го одбележаа 17 Октомври – Денот на единицата

КО, бригаден генерал Бесник Емини. Емини истакна дека се вложува во Армијата, пристигнати се новите оклопни возила, што ќе придонесат за статусот на подготвеност. Генералот Емини потенцираше дека структурите, концептот, доктрината на војување и внатрешните процеси во Армијата се оптимизираат, со цел да се постигне максимална ефикасност во процесот на трансформација и интегрирање на силите во структурните и оперативните планови на НАТО, додека на национален план се продолжува со стекнување кохезија меѓу единиците и командите и понатамошно интегрирање со националните и регионалните институции, со цел поефикасно пресретнување и справување со национални ризици и закани од невоен карактер. Тој потсети дека припадниците на Командата учествувале во бројни меѓународни вежби, мисии, за поддршка на мирот во БиХ, Либан, ЦАР, Латвија, Косово. „Денес се соочуваме со суштинско одржување на глобална безбедност како сенка на континуираната миграциска криза и враќање на сцена на конвенционалните закани и специјалното хибридно војување. Но, не можеме, а да не ја забележиме и игнорираме растечката агресивност на некои големи влијателни сили и истото јавно го осудуваме. Во овие бурни и предизвикувачи времиња, единството и солидарноста се клучни. Затоа, нашиот клучен приоритет мора да ни биде одржувањето на борбената готовност и како дел од најголемиот и најдолгиот сојуз во светот, НАТО алијансата, да се подготвуваме и со предвидлив конзистентен начин да придонесеме за мирот и безбедноста во светот. Денес е моментот кога треба да се потсетиме на историјата и на сите тие јунаци кои придонеле во минатото да се гради оперативноста и борбената готовност, токму на сите тие наши припадници, поранешни команданти, началници им оддавам јавно признание и бесконечна благодарност за сработеното, чесноста, покажаното лидерство, рече Емини. Тој кажа дека припадниците се обучени за извршување на суштинските задачи, што било потврдено со проверката на борбената готовност. На свеченоста присуствуваа и заменик на министерот за одбрана Башким Хасани, претставници од Генералштабот, од кабинетот на претседателот, генералите во Армијата, поранешни команданти, претставници на СИБРИГ, претставници од Министерството за одбрана, од локалната самоуправа и од други институции со кои соработува Командата.

Александра Максимовска



# Зошто НАТО Конференцијата за комуникатори беше целосен успех за Северна Македонија

## Осврт на најголемата Конференција за комуникатори годинава организирана во нашата држава

НАТО Конференцијата за комуникатори е најголемиот настан на Алијансата во оваа област и секоја година на едно место ги собира комуникаторите – лицата задолжени за стратегиски комуникации, односи со јавноста, информациски и психолошки информации, и претставува уникатна можност за отворена дискусија  за повеќе теми од исклучителна важност – спроведување на стратегиските комуникации во НАТО Алијансата и кај сојузниците, на Стратегијата за одбрана и одвраќање и на новиот Стратегиски концепт на Алијансата.

Конференцијата беше одлична можност комуникаторите да се запознаат со новините во доменот на дигиталните комуникации, таргетирањето и ефикасноста во комуникациите, анализата на информациската средина и иновациите. Дека оваа Конференција беше од големо значење говори и фактот дека на отворањето се обратија премиерот Димитар Ковачевски, министерката за одбрана Славјанка Петровска, помошничката на генералниот секретар на НАТО за јавна дипломатија, Баиба Браже, а видеообраќања имаа и командантите на двете НАТО команди, на Сојузничката команда за операции,  генералот Кристофер Каволи и врховниот командант на Сојузничките сили за трансформација, генералот Филип Лавињ. „Воените и политичките активности се тесно врзани со нивната комуникација и со умешноста истите да ги доближиме што поблиску и што поточно до граѓаните. Од комуникациите и од нашата отвореност зависи дали и како граѓаните ќе разберат на кои начини работиме секојдневно на зачувување на нивната безбедност“, потенцираше Ковачевски, на што се надоврза министерката Петровска која порача: „За нас комуникацијата е клучна.

Нам ни е потребно пораките на НАТО да допрат до сите. Потребно ни е граѓаните на светот да знаат дека, пред сè, веруваме во мир, но и дека сме цврсто решени да го заштитиме нашиот суверенитет, нашите демократии и нашата слобода. Потребно ни е нашите 1 милијарда граѓани да знаат дека Алијансата, преку сојузничкото единство, решителност и цврстите принципи ја гарантира безбедноста на секој од нив“.



## КОИ СЕ КРУЦИЈАЛНИТЕ ПРИДОБИВКИ ЗА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА?

Нашата држава, иако е најмлада членка на Алијансата, последните неколку години има направено значаен исчекор во однос на, првенствено, отвореноста и транспарентноста на институциите. За нас во одбраната, значаен резултат е преземањето и опстојувањето на лидерското место во областа на активната транспарентност во последните три години, од кои последните две и со целосно, 100-процентно исполнување на наведените критериуми. Министерството за одбрана предводи пред сите 98 рангирани институции на локално и на централно ниво и тоа ни дава мотив да работиме уште попосветено за да ја задржиме оваа позиција. И, не само тоа. Одбраната ја разбира потребата од отвореност, функционира во согласност со вредностите и принципите на демократскиот свет и разбира што значи јавен интерес. Сето тоа, на оваа Конференција можеа да го слушнат над 300 комуникатори на НАТО-алијансата. Она што е постигнато во доменот на отвореноста и транспарентноста на институцијата е поддржано со документи, постапки и процедури кои се јавни и видливи. Пред сè, тука станува збор за Правилникот за транспарентност во работењето на Министерството за одбрана, неговото дополнување на почетокот на минатата година, Планот за комуникации и Комуникациската стратегија 2021 – 2022, која во моментов е во фаза на ажурирање.

Имајќи предвид дека стратегиските комуникации се темата кон која беа обединети сите дискусии за време на Конференцијата, од исклучителна важност е да се спомене дека НАТО комуникаторите добија првична слика и за начинот на кој Министерството за одбрана планира да ги развива стратегиските комуникации, и тоа преку Политиката за стратегиски комуникации која дефинира што значат за нас стратегиските комуникации, кои се принципите и начелата на стратегиските комуникации, каква е организациската структура во овој домен, а го дава и моделот за координација на стратегиските комуникации. Со еден збор, Политиката воспоставува нов систем за реализација на стратегиските комуникации, чии основи се комплементарни на НАТО воената политика за стратегиски комуникации (МС 0628), систем кој точно ги утврдува обврските на сите чинители во овој процес, а го дефинира и начинот на меѓусебна комуникација и координација. Политиката го вклучува и градењето отпорност во рамки на Министерството, против дезинформациите и нивното штетно влијание, а ги опфаќа и интерните комуникации како поле на кое треба да се обрати внимание во процесот на комуницирање.

## КАКО НИЕ ПРИДОНЕСУВАМЕ КОН СПРАВУВАЊЕТО СО ДЕЗИНФОРМАЦИИ?

Можеби најголемата придобивка од оваа дводневна конференција беше визибилноста на Регионалниот центар за односи со јавноста, како клучен и уникатен капацитет во Министерството, кој е и дел од НАТО-партнерската мрежа на центри за обука и едукација. Регионалниот центар повеќепати беше посочуван и од домашните авторитети, но и од портпаролката на НАТО Оана Лонгеску и директорот за комуникации во Сојузничката команда за операции, Џеј Џензен, како важен сегмент на развојот на обуката во доменот на односите со јавноста – важен затоа што е единствен во оваа мрежа кој исклучиво е посветен на односите со јавноста, важен затоа што во Алијансата постои голема потреба од обучен кадар во овој домен. Видливоста на РЦОЈ е клучна за овој период, имајќи предвид дека и во Министерството се работи на негов дополнителен развој, односно додавање на функции на неговата основна дејност и креирање на проширена понуда на обуки, курсеви и семинари за стратегиските комуникации и справувањето со дезинформации. Овие активности, всушност, претставуваат една третина од севкупниот систем за справување со дезинформации кој се развива во Министерството – на „превентивната функција“, чиј носител е РЦОЈ, се додава и „проактивната“ и „реактивната“ функција, кои ќе го заокружат процесот и ќе овозможат брзо и ефикасно справување со дезинформациите, нешто што е од исклучителна важност во реалноста во која живееме – нарушена европска безбедност и отворен конфликт на европско тло. Овој процес беше јасно истакнат пред учесниците на Конференцијата, кои добија јасна слика за тоа кои сè придобивки можат да ги очекуваат со развојот на овој тип на капацитети во нашата држава.

Иван Петрушевски

# Концерт на воениот оркес
# по повод 30-годишниот ју
# на Армијата и во чест на
# Денот на народното воста

Воениот оркестар на Армија на Република Северна Македо
11 Октомври – Денот на народното востание, во Домот на Ар
Скопје реализира едночасовен вечерен концерт. На концерт
припадници од Воениот оркестар на Армијата на Републик
додека како гости настапија солистката на кавал, Бајса Ари
солисти Светлана Јовановска и Дејан Николовски и музичк
реномираните национални музички институции и самостој
уметници.

Концертот беше завршна активност во рамки на активности
одбележување на Јубилејот 30 години Армија, со кој воедн
и соработката со сојузничките армии и со државните инсти





# ктар
# билеј

АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ТРИЕСЕТ ГОДИНИ

11 ОКТОМВРИ
СЕКОГАШ НА ВИСТИНСКАТА СТРАНА



# ние

нија на
омијата во
тот учествуваа и
а Албанија,
фовска, вокалните
и изведувачи од
ии музички



ите за
о се промовираше
туции.





# Беспилотно летало „ScanEagle“

„ScanEagle“ е модуларно лесно беспилотно летало кое може да се користи за цивилни и воени потреби. За воени потреби леталото се користи за разузнавање, извидување и набљудување. Според погонот, леталото припаѓа во класата на едномоторни елисни летала, а според поставеноста на крилата, е висококрилец. Според оперативните можности леталото е економично за користење, оперира на мала височина и поседува долго време на летање. Инаку, беспилотно летало „ScanEagle“ е развиено од компанијата „Insitu Inc.“ (моментално во склоп на компанијата „Boeing“), и е директен наследник на беспилотното летало „SeaScan“. Трупот и останатиот дел од конструкцијата на „ScanEagle“ е изработен од легури на алуминиум и карбон фибер. Трупот поседува дијаметар од 20 cm. Модуларната конструкција на леталото, според потребите на корисникот, може да се надоградува во авионика, носивост и во погонот. На крајот од крилата се поставени „winjets“ крилца, кои овозможуваат постабилен лет, заштеда на гориво и постигнување поголема брзина.  За полетување и слетување леталото не користи класична писта, односно за полетување се лансира од пневматски лансирен катапулт „SuperWedge“ (Mark 4), додека за слетување се користи фаќачот на летало „SkyHook“. Практично, слетувањето е овозможено благодарение на кукичките поставени на крајот од крилата на леталото, кои го фаќаат јажето кое е поставено на склопувачкиот кран „SkyHook“, кој може да има височина од 9,1 m до 15,2 m. Меѓусебното лоцирање се остарува благодарение на вградениот GPS-уред на врвот од кранот „SkyHook“ и GPS-уредот вграден во беспилотното летало „ScanEagle“. Ваквиот начин на полетување и слетување овозможува системот да се користи на копно или на брод. За контрола на леталото се користи GCS-конзола, која благодарени на C2-дата линк комуникациските системи поседува поврзаност со леталото во реално време. Инаку, C2-дата линк може да биде со криптувана заштита и некриптувана комуникација. Инаку, постои опција за префрлување на контролата на летање од еден оператор на друг (позиционирани на различни локации), што придонесува за зголемување на радиусот на летање за над 100 km, но и користење на мобилна контролна станица опремена со предаватели кои комуницираат со леталото. Освен со земјена контрола, леталото може да биде програмирано да изведува и самостоен (автономен) лет. Со цел поголема безбедност на летање, авиониката има дуплирани системи, штит  и црна кутија. Стандардно, во леталото е интегриран комуникацискиот систем  C2-дата линк, кој поседува дострел од 100 km. На предниот дел од леталото, на првата верзија од опремата, се поставува стабилизирана електрооптичка или ИЦ-камера која е вградена во стабилизирана лесна купола, како на пример EO/ EO900 или со двојна сензорска глава со EO и MWIR со ИЦ-камера, додека на поновите верзии се вградува стабилизирана лесна купола 775EO, во комбинација со ViDAR (Visual Detection and Ranging) или стабилизирана лесна купола опрема со EO950/ MWIR 2.0 камера. По потреба, на леталото може да се постави и модул CRPA (Controlled reception pattern antennas), наменет за заштита од блокирање на сигналните, односно за електронско војување. На леталото може да се постави и  радар „Im SAR Nano SAR“, кој обезбедува слика со висок квалитет (во реално време) при различни временски услови.




Инаку, севкупниот систем на „ScanEagle“ е составен од 4 беспилотни летала, копнена контролна станица, далечински видео терминал, пневматски лансерен катапулт „SuperWedge“ (Mark 4) и прифатна станица „SkyHook“ за фаќање на леталото при слетување.
Од леталото досега се развиени 3 основни верзии и неколку подверзии. Трите основни верзии се: „ScanEagle 1“, „ScanEagle 2“ и „ScanEagle 3“. За разлика од „ScanEagle 1“, верзијата „ScanEagle 2“ е опремена со поможен мотор, но поседува намалено време на крстосувачкиот лет (16 часа), поседува посовремена извидувачка опрема и зголемена носивост. Верзијата „ScanEagle 3“ поседува изменета градба, наменета за цивилна употреба и не поседува авионика и други електронски компоненти кои се користат во воените верзии. Корисници на беспилотното летало „ScanEagle“ се 28 држави.

Ивица Дамески






**Објаснување на пресек-сликата**
**Пресек-слика на „ScanEagle“**

1. Питот-цевка
2. Конструкцијата на леталото е изработена од легури на алуминум и карбон фибер
3. Сателитска антена за навигација (GPS)
4. Оддел за сместување на резервоарот за гориво
5. Погонски модул „H20“, со вграден бензиски едноцилиндричен двотактен мотор „Orbital“
6. Елиса од моторот
7. Вшмукувач на воздух за моторот
8. Крилата се премачкани со средство кое спречува создавање на мраз
9. Носечки дел од конструкцијата на која се поставуваат крилата
10. Оддел за сместување на авиониката
11. Стабилизирано куќиште за сместување на електрооптичките сензори
12. Кукички, поставени на крајот од крилата, наменети за слетување на леталото

| Тактичко-технички карактеристики на **„ScanEagle“** | |
|---|---|
| Должина со EO dome | 1.55 m |
| Должина со EO900/MWIR dome | 1.71 m |
| Опсег на крилата | 3.11 m |
| Тежина на конструкцијата | од 14 kg до 18 kg (зависно од опрема) |
| Максимална полетна тежина | 26.5 kg |
| Максимален корисен товар | 5 kg |
| Погон | H20 модул, со Orbital бензиски едноцилиндричен двотактен мотор со моќност 1.9 кс, за гориво JP5 или JP8 |
| Максимална брзина на летање | 41.2 m/sek |
| Крстосувачка брзина на летање | од 25.5-30.9 m/sek |
| Плафон на летање | 5.950 m |
| Време на летање | од 18 до 24 часа (зависно од опремата, и временските услови) |

# Беспилотно летало „MQ-9 Reaper“



Беспилотно летало е попознато како дрон – авионски или хеликоптерски тип на летало без човечки екипаж во леталото. Тоа е составен дел на систем кои вклучува и систем за копнена контролна станица, комуникациска опрема, резервни делови за одржување и персонал. Летот на беспилотните летала може да се врши со различни степени на автономија, односно со далечински управувач и со човечки оператор или самостојно од страна на вграден процесор. Беспилотното летало од типот „MQ-9 Reaper“ е способно за далечински контролирани или автономни летачки операции, развиено од страна на компанијата „General Atomics Aeronautical Systems“, пред сè за воздухопловните сили на Соединетите Американски Држави. Ознаката „MQ-9“ на овој тип го означува следното: „M“ е ознака за повеќенаменски, „Q“ означува систем на авиони управувани од далечина, а „9“ покажува дека е деветти во серијата системи на авиони кои се управуваат од далечина. Беспилотните летала се водат и под терминот „Remotely Piloted Vehicles/Aircraft“ – „RPV/RPA“. Програмата „RPA“ започнала во средината на 1990-тите и биле потребни 16 години за да достигнат 1 милион часови лет, а границата од 2 милиони часа била достигната само две и пол години подоцна. Главната мисија на овој тип беспилотни летала е обезбедување разузнавачки, надзорни и извидувачки информации во летови со долготраен надзор и на голема надморска височина. Од друга страна, „MQ-9 Reaper“ може да се користи и за ликвидација на високо проценета жива сила или уништување на материјални средства. Првпат биле реализирани борбени мисии во Ирак и во Авганистан во текот на 2007 година. Во моментов воздухопловните сили управуваат над 300 латала „MQ-9 Reapers“. Постојано се реализираат нови надградби на опремата, со доградба на некои од активните летала за да се подобрат перформансите.

> Во последно време сè поголема тенденција во светот има за иновација, продукција и употреба на беспилотните летала за разни намени за воени и во цивилни цели

Проектирано е дека 2035 година ќе биде крајот на работниот век на флотата „MQ-9“.
За разлика од неговиот претходник, „General Atomics MQ-1 Predator“, ова беспилотно летало е поголемо, потешко и со подобри карактеристики. Може да се контролира со истите копнени системи, има турбо мотор со моќност од 950 КС, во споредба со клипниот мотор на „MQ-1 Predator“ од 115 КС. Поголемата моќност му овозможува на „MQ-9“ да носи 15 пати повеќе вооружување и да лета со околу три пати поголема брзина од MQ-1. Постигнува брзина од 480 км/час, поседува способност да носи вкупен товар од 1700 кг до височина од 15.000 метри, има долет од 1850 км и способност од 14 до преку 40 часа на лет, во зависност од тежината на товарот. Леталото е долго 11 м, со распон на крилата од 20 метри и со максимална тежина на полетување од 4760 кг.
Ова беспилотно летало е надгледувано и контролирано од авионски екипаж, составен од пилоти и оператори, а преку копнената контролна станица во близина на Лас Вегас, Невада, можат да таргетираат цели и да набљудуваат терен, користејќи повеќе сензори,

включително и термографска камера. Во реализација на мисиите е вклучено и употреба на вооружувањето. Затоа „MQ-9“ носи разновидно оружје, вклучително и ласерски наведувана бомба, проектили воздух-земја, како и ракети воздух-воздух. Во последно време Пентагон размислува за надградба на „MQ-9 Reaper“ со оружје со насочена енергија, како што се ласери со мала моќност и микробранови зраци со висока моќност. Модернизираните верзии поседуваат сензорска топка со камера со висока дефиниција, подобрена комуникација на контролорите за да можат да гледаат видео со повисок квалитет, како и софтвер кој овозможува автоматско откривање закани и следење на 12 подвижни цели одеднаш. На командата, дадена од страна на операторот, ѝ е потребно време од 1,2 секунди за да стигне до дронот преку сателитска врска.



Во текот на 2008 година, Националната гарда на Њујорк започнала транзиција од пилотирани ловци „F-16“ во „MQ-9A“, со што станала првата борбена единица која целосно се претворила во единица со употреба на беспилотни борбени летала. Во 2011 година, Военото воздухопловство на САД обучувало повеќе пилоти за напредни беспилотни летала, а во таа насока заменик-началникот на Генералштабот на воздухопловните сили за ISR предложил редизајнирање на „MQ-9“, со цел да може да биде управуван од едно лице за повеќето мисии, наместо од две (да лета и да работи со сензорите), за да се поедностават операциите и да се намалат барањата за работна сила на голем број оператори со сензори. Воведувањето можност за автоматско слетување, исто така би ги намалило барањата за работна сила на „Reaper“ во состав на тимовите за лансирање.

Двете беспилотни летала, „Predator“ и „Reaper“, се дизајнирани за воени операции и не биле наменети да работат во услови на преполн авиосообраќај. Во 2005 година биле поднесени барања леталата „MQ-9“ да се користат во операциите за пребарување и спасување по ураганот „Катрина“ но, бидејќи во тоа време немал овластување од Федералната управа за воздухопловство, истите не биле користени. Една година подоцна, Федералната управа за воздухопловство издала сертификат за овластување со кој им дозволува на „MQ-1“ и „MQ-9“ да летаат во цивилниот воздушен простор на САД за да бараат преживеани од катастрофи. Овој тип на беспилотни летала го користат Царината и Граничната заштита на САД, како и вооружените сили на неколку други земји. Во таа насока, MQ-9 започнал да патролира на границата помеѓу САД и Канада долга 400 километри. Дронот нема да носи оружје и му треба дозвола за да влезе во канадскиот воздушен простор. Американските власти се внимателни во однос на тоа дека шверцерите на дрога, мигрантите и терористите може да ја искористат долгата граница.

Командата за специјални операции на воздухопловните сили барала можност да го спакува „MQ-9“ за помалку од осум часа, да го пренесува насекаде во светот со транспортните авиони „C-17 Globemaster III“ или со „C-130 Hercules“, а потоа да го подготви леталото за употреба за уште осум часа, со цел поддршка на тимовите за специјални операции на места без инфраструктура. Беспилотните летала „MQ-1“ и „MQ-9“ мора да се транспортираат во товарни авиони на долги растојанија, бидејќи не е вградена технологија за полнење гориво. Сепак, транспортните авиони се доволно големи за да го носат авионот и системите за поддршка. Пилотите, кои патуваат со беспилотното летало, ќе ја користат копнената контролна станица за полетување и слетување на авионот, додека најголемиот дел од оперативните мисии го вршат пилоти со седиште во САД. И Американската агенција за ракетна одбрана го пријавила својот интерес за користење на „Reaper“, со цел да обезбеди информации за рано пресретнување на лансирани балистички ракети, користејќи ракетни пресретнувачи пред откривање од страна на радарите „Aegis“.

Драган Павловски






# „Supacat“ Лесно заштитено патролно возило „SPV 400“

Supacat Protected Vehicle 400 Series – „PV400“ е лесно возило со висока подвижност, развиено од „Supacat Limited“ со седиште во Велика Британија. „SPV400“ има бруто-тежина од 7.500 килограми и може да носи товар од 1.500 килограми и во него да биде сместен шестчлен екипаж. Возилото „Supacat SPV400“ беше кандидат за програмата на Министерството за одбрана на Обединетото Кралство (МО) вредна 200 милиони фунти за лесно заштитено патролно возило (Light Protected Patrol Vehicle - LPPV). Министерството за одбрана на ОК ја поднесе поканата за тендер во мај 2010 година. „Supacat“ се пријави на истото и поднесе понуда за програмата „LPPV“ во јуни 2010 година, натпреварувајќи се со лесното заштитено патролно возило „Ocelot LPPV“, развиено од „Team Ocelot“, „Force Protection Europe“ и конзорциумот „Ricardo“. Министерството за одбрана на Обединетото Кралство го избра „Ocelot LPPV“ при извршените натпреварувања и испитувања во склоп на програмата за избор на лесно заштитено возило во септември 2010 година. Министерството за одбрана, според нивното итно оперативно барање, беа во план да ја заменат платформата„ Land Rover Snatch“ со почетна нарачка од 200 возила. Лесните заштитени патролни возила стапија во употреба на почетокот на 2011 година и беа распоредени во Авганистан. Бидејќи возилото е дизајнирано и развиено во Обединетото Кралство, „SPV400“ е ослободен од ограничувањата на американските регулативи за меѓународниот сообраќај со оружје за идни надградби на дизајнот.

> Supacat Protected Vehicle 400 Series – „SPV400“ е лесно зашттитено возило со висока подвижност, развиено од страна на компанијата „Supacat“ со седиште во Велика Британија

**РАЗВОЈ НА ЛЕСНОТО ЗАШТИТЕНО ВОЗИЛО „SUPACAT“**

Серијата заштитени возила „Supacat“ беше претставена на „Defence Systems & Equipment International 2009“ – „DSEi 2009“ во септември 2009 година во Лондон. Компанијата „Supacat“ соработуваше со „NP Aerospace“ со седиште во Ковентри за да го дизајнира системот за оклопна заштита на возилото и композитната подлога во делот на екипажот.Околу 30 компании од синџирот на снабдување се вклучени во развојот на лесното заштитено возило „SPV400 LPPV“. Меѓу нив се и познатите компании „AFS“, „Cummins UK“, „Christy Hydraulics“, „CSES Engineering“, „Dana UK Axles“, „Garforth & Goodman“, „GKN Driveline“, „GKN Aerospace“, „Lighting Aerospace“, „Park Sheetmetal“ и „Pailton Engineering“. „SPV400“ има целосно интегриран систем за балистичка заштита и противминска заштита. Првиот круг на тестирање на експлозија беше спроведен во декември 2009 година. Дводневниот тест вклучуваше симулации на експлозија на мина под возило и симулации на импровизирани експлозивни направи на возилото. Првиот работен прототип на „SPV400“ беше официјално откриен во јануари 2010 година.

На 17 мај 2010 година, „SPV400“ беше подложен на втор круг на тестирање со експлозија за да ги исполни стандардите на програмата „LPPV“ на Министерството за одбрана. До јули 2010 година, возилото беше подложено на четири рунди на тестирање со експлозија. Првите две возила „SPV400“ беа доставени до „Millbrook Proving

Ground“, Бедфордшир, на испитувања од страна на Министерството за одбрана. Волуметриското производство на „SPV400“, сепак, беше направено во постројката во Ковентри на „NP Aerospace“ според формализиран договор за сојузништво помеѓу двете компании.Палетата на возила со голема мобилност на „Supacat“ ги вклучува возилата „Којот“ (Coyote), „Чакал“ (Jackal) и високо мобилни возила за транспорт, High-Mobility Transport. Возилата се во служба во вооружените сили на ОК, истите учествуваа во операциите на вооружените сили на ОК во Авганистан. Компанијата, исто така, веќе лансираше серија 6×6 „SPV600“, варијанта на платформата на „SPV400“, која има зголемен волумен и носивост.

## ДИЗАЈН НА ЛЕСНОТО ПАТРОЛНО ВОЗИЛО „SPV400“

Трупот на оклопната челична шасија на „SPV400“ е единечна структура. Над трупот е поставена композитна подлога за екипажот, додека системот за оклопна заштита на возилото ја редуцира неговата вкупна тежина. Модуларните и „пожртвуваните“ структури на возилото ја намалуваат вкупната штета кој би била предизвикана од експлозиите. Дизајнот овозможува и брза поправка и замена на оштетените модули. На кровот на возилото достапен е капак на отворот за монтирање на вооружување за самозаштита. Дизајнот на LPPV овозможува негово надградување за да се подобри мобилноста и заштитата. Лесното заштитено патролно возило „SPV400“ има опционални подобрувања, како што се далечински управувана вооружена станица поставена на кровот, фрлачи на гранати, опрема за ноќно возење, системи за свесност за ситуацијата, чекрк за извлекување на возилото монтиран напред и централен систем за надувување на гумите. „SPV400“ беше претендент за програмата за лесно патролно заштитено возило на Обединетото Кралство, проект вреден 200 милиони фунти.
„SPV400“ има целосно интегриран систем за заштита од експлозија на мини и балистичка заштита. Подлогата на екипажот има седишта заштитени од  експлозија на мини и балистички оклоп кој што го намалува импактот при ударот од експлозии на мини и импровизирани експлозивни направи. Високото отстапување на трупот од земјата го штити екипажот од закани од мини под трупот со отклонување на експлозиите подалеку од подлогата на екипажот.
Високата артикулација на „SPV400“, двојната предна и задна суспензија со воздушни полуги му овозможуваат мобилност на возилото на сите терени. Возилото има круг на вртење од 11,8 m. Управувањето е хидраулично, потпомогнато со запчеста летва и запченик и има надворешен диск, спротивставени клипни клешти и систем против блокирање на сопирањето ABS. Со постојан погон на сите тркала, лесното патролно заштитено возило „SPV400“ е способно да патува со максимална брзина од 120 km/h. Патролната варијанта „SPV 400“ може да се приспособи за употреба со поставување на алтернативни и заменливи мисии кои вклучуваат варијанти за амбулантни, логистички, командни и варијанти на возила со отворен врв, монтирани со оружје.
„Supacat Protected Vehicle 400“ – „SPV 400“ е дополнителна еволуција на долгото педигре на компанијата „Supacat“ за развој на релевантни и ефективни воени возила и на војниците им го нуди она што им е потребно за операциите во 21 век: супериорна мобилност и заштита.

Идриз Идризоски

| Останати карактеристики и спецификации на возилото „SPV400“ | |
|---|---|
| Производител | Supacat Limited |
| Тип на возило | light protected patrol vehicle |
| Должина | 5,31 метри |
| Широчина | 2,06 метри |
| Висина | 2,465 метри |
| Бруто-тежина | Бруто-тежина |
| Капацитет на носивост | 1,5 тони |
| Посада | 6 лица |
| Ground clearance | 0,335 м |
| Вооружување | Tandem High Explosive Anti-Tank Blast Fragmentation Thermobaric |
| Оклоп | Mine Blast and Ballistic protection, V-shape hull |
| Мотор | Cummins ISBe 4.5l turbocharged diesel engine |
| Трансмисија | Allison 2500 6-speed transmission |
| Оперативен дострел | 800 км |
| Максимална брзина | 120 км/ч |
| Совладување на наклон | од 45% |
| Совладување на страничен наклон | 35% |
| Совладување на вертикална препрека | 0,4 м |
| Совладување на водена препрека | 0,75 м без подготовки, 1,5 м со подготвка |
| Радиус на вртење | 11,8 м |



# Смртоносни закани во Украина



Во Украина се „расеани“ илјадници мини, субмуниција, бомби и мини на изненадување. Некои од овие смртоносни закани се дизајнирани со намера да ги убијат или да ги онеспособат војниците, но и случајните минувачи, додека други едноставно чекаат да бидат отстранети.
Иако војната трае неколку месеци, напорите да се ослободи Украина од овие експлозивни направи, сигурно ќе трае со години, а можеби и со децении.
Намерно или не, руските сили во Украина оставаат зад себе илјадници опасни и потенцијално смртоносни експлозивни направи, расфрлајќи ги низ земјата. Тие вклучуваат мини, субмуниција со големина на лименка, огромни авионски бомби и обични предмети преправени во мини на изненадување. Сите овие експлозивни направи подеднакво претставуваат екстремен ризик и за цивилите и за украинската војска. Специјалистите ќе мора безбедно да ги деминираат, а нивните напори најверојатно ќе траат со години.
Експлозивните направи се суштински дел од модерното војување. Денешните армии распоредуваат огромни количини на воени експлозиви, од рачни гранати до авионски бомби. Некои, како што се авионските бомби, се дизајнирани да го убијат непријателот, други, како минските полиња, се дизајнирани

> Руските сили во Украина зад себе оставаат широк спектар на експлозивни направи, вклучувајќи мини, субмуниција, бомби и мини на изненадување, притоа загрозувајќи ги и животите на цивилите, и сега, но и во годините што доаѓаат

да го забават непријателот или да го вовлечат во заседа. Некои експлозивни направи се доволно големи за да уништат тенкови, додека други се толку мали што речиси се невидливи, но го осакатуваат секој оној кој ќе им се најде во нивна близина. Украинските сили често наидуваат на руски нагазни мини и мини на изненадување. Во украинските градови, инженерците веќе отстрануваат неексплодирани авиобомби и ракети од зградите. Бомблетите – мали бомби, обично исфрлани во групи од касетните ракети и проектили, веќе имаат убиено цивили, додека неексплодираните продолжуваат да чекаат некој случајно да ги активира, несвесни за нивното присуство и за опасноста што ја предизвикуваат. Треба да се напомене дека многу од оружјата што Русија ги користи, вклучително и мините и субмуницијата, се предмет на меѓународни забрани.
Мините првпат станале актуелни за време на Втората светска војна. Нагазната мина обично се состои од дрвено, пластично или метално тело, нагазна плоча, запалка и мало количество на силен експлозив.
Како што се пренесува тежината врз нагазната плоча, под притисок се активира запалката, која пак го активира експлозивното полнење. Спротивно на популарното верување, минските полиња не се дизајнирани да го уништат непријателот. Наместо тоа, тие се наменети да ја забават непријателската сила или да го принудат непријателот да избере поинаков пат - често оној што води директно во заседа.
Нагазните мини доаѓаат во две варијанти: противпешадиски (ПП) и противтенковски (ПТ). Тежината на човекот обично ги активира противпешадиските мини. Некои се активираат со потегнување на потезна жица, а други вклучуваат временско одложување за да експлодираат меѓу поголема група на војници.
Противтенковските мини се поголеми, вклучуваат поголемо експлозивно полнење и бараат неколку стотици килограми притисок за да се осигура дека ќе биде активирана од оклопно

возило или тенк, а не од војник. Мините традиционално се поставуваат рачно, но новите генерации се поставуваат со авионски бомби, ракети и гранати – контејнери, како и со уреди за растурање на мини поставени на возила. Руската „ПОМ-3“ е мина во облик на цевка што се растура во голем број од контејнер во воздух, а спуштањето на мината е забавено со падобран. Како што слетува мината, таа закопува сеизмички сензор во земјата под неа. Сеизмичкиот сензор го слуша приближувањето на човечко суштество и, штом мината ќе открие присуство на лице, експлодира во височина на ниво на човековата половина. Експлозивното полнење има радиус на убивање од 15 метри. Мините, исто така, случајно ќе експлодираат во интервали од осум или 24 часа, што ги прави ПОМ-3 исклучително тешки за приближување и успешно деминирање. Повеќе од 150 земји ширум светот се имаат здружено за да ја забранат употребата на нагазните мини. Уште во март Меѓународната коалиција за забрана на нагазни мини и касетна муниција (ICBL-CMC) забележа во изјава дадена за печатот дека „силно ја осудува употребата на меѓународно забранети противпешадиски нагазни мини од страна на руските сили во конфликтот во Украина“. „Употребата на противпешадиски нагазни мини од страна на руските вооружени сили во Украина и каде било во светот е неприфатлива. Ова неселективно оружје убива цивили и остава страшно наследство на страдање во годините што доаѓаат“, вели директорот на „ICBL-CMC“, Хектор Гуера во изјавата. „Повикуваме на итно запирање на секаква употреба и 164-те членки на Договорот за забрана на мини да се изјаснат и да ја осудат оваа акција“. Украина е една од 150-те земји вклучени во Договорот за забрана на мини, но за жал, Русија и САД , во моментов сè уште не се членки потписници на Договорот.
Руските ловци „Су-30М“ и јуришните авиони „Су-25“ летаат во борбени мисии во Украина од почетокот на војната и ракетираат и бомбардираат и воени и цивилни позиции. Без разлика дали ракетите или бомбите експлодираат или не, тие претставуваат сериозна опасност, не само за поединци, туку и за цели заедници. Русија користи различни авионски бомби врз Украина, вклучително и „паметни“ бомби како бомбата „КАБ-500Л-Ф“, водена со ласер и ненаведувани „глупави“ бомби „ФАБ-500М-62“. Повеќето руски авионски бомби се во категоријата од 500 килограми, а најголемите се со тежина од 1.500 килограми. Авионските бомби генерално полесно се разоружуваат,



но севкупниот ризик за време на процесот на деминирање е многу поголем. Бомбардирањето на цивилни области, исто така, значи дека некои неексплодирани бомби се пронајдени во повеќекатните згради каде што отстранувањето може да биде тешко, па дури и невозможно. Бомбите што паѓаат од воздух со голема брзина може да се закопаат во мека почва, што ќе резултира со скриени опасности за цивилите.
Во 1960-тите години американската војска ја испорача првата генерација на таканаречени „касетни бомби“ или авионски бомби кои беа полни со помали бомби со големина на бејзбол топче, наместо една боева глава со голема експлозивна моќ. Касетните бомби биле дизајнирани да ги испуштат своите таканаречени „субмуниции“ над целта, паѓајќи во групи, што резултирало со десетици помали експлозии, наместо една голема. Наместо една голема бомба, чиј експлозивен ефект се намалува со растојанието, касетните бомби користат многу помали бомби, исто така наречени и бомблети, со што експлозивните ефекти се порамномерно распоредени на поширока област. Субмунициите, теоретски не се помалку хумани од обичните бомби. Меѓутоа, во практика, значителен број бомблети нема да експлодираат, особено во борбени услови. Овие субмуниции, до 30 проценти од товарот на касетните бомби, потоа ќе го „загадат“ бојното поле, ставајќи ги во опасност и воениот персонал и цивилите. Субмуниција, како и бомби што се исфрлувале над бојното поле, биле откриени и на места на загинати цивили. Рускиот напад на железничката станица Краматорск, на пример, кој резултираше со смрт на повеќе од 50 цивили, вклучуваше балистичка ракета со краток дострел „Точка-У“, која дистрибуирала субмуниција „9N123K“ меѓу украинските бегалци. Организирана од Обединетите нации, Конвенцијата за касетна муниција е потпишана од 110 земји и забранува употреба на субмуниција како воено оружје. Русија не е потписник на договорот. САД, исто така, не се потписници, но тие повеќе не користат субмуниција и имаат преземено чекори за елиминирање на постојната касетна муниција од својот арсенал. Импровизираната употреба на експлозиви на модерното бојно поле е практика на поставување мини на изненадување. Мините на изненадување вклучуваат употреба на воени експлозиви како што се нагазни мини, рачни гранати и ракети за да се направат импровизирани експлозивни направи кои се активираат на повеќе начини. Целта е да се забави напредувањето на непријателските трупи, принудувајќи ги да бараат скриени опасности. Мините на изненадување обично се прават со поврзување на експлозиви со запалки кои можат да се активираат на најразлични начини. Во некои случаи, тоа е само потезна жица со која се попречуваат вратите, скалите и другите премини што ги користат и војниците,





но и цивилите. Рачните руски гранати, како што е на пример рачната граната „Ф-1“, може многу брзо да се претвори во мина на изненадување. Покрај жиците, мините на изненадување можат да користат и импровизирани плочи за притисок, слични на оние што се користат за нагазни мини. Мините на изненадување можат да се постават во близина на сандаци за муниција, медицински материјали, храна и други пожелни работи. Нагазната плоча може да се постави во близина на сандак со муниција, со електрична струја обезбедена од батерија. Откако ќе се нагази плочата, колото е затворено и експлозивот во близина детонира, убива или повредува секого што е во близина. Во моментов нема напори од меѓународната заедница да ја спречи употребата на мините на изненадување, најверојатно затоа што нивната „ад хок“ употреба ја отежнува нивната вистинска забрана.

Според различни извештаи во печатот, руските сили неселективно поставувале мини и мини на изненадување низ Украина. И покрај тоа што Русија не е членка на меѓународната конвенција која забранува употреба на противпешадиски нагазни мини, овие дејства сепак го прекршуваат општото меѓународно право за воени злосторства и меѓународниот протокол во кој Русија е страна што конкретно ги регулира таквите направи. Овие извештаи тврдат дека многу такви мини и мини на изненадување биле оставани во населени места, вклучително и на улици, куќи и автомобили, како и на трупови и медицински предмети. Украинските власти ја обвинуваат Русија дека со тоа ги загрозуваат цивилите и дека се потребни големи напори за нивно расчистување.

Печатот често забележува дека Русија и Соединетите Држави не се потписнички на Конвенцијата од Отава од 1997 година, која забранува најголем дел од употребата и поседувањето на противпешадиски нагазни мини. Меѓутоа, она што генерално се занемарува е уште еден важен договор што би ги забранил овие наводни руски дејства. Тоа е изменетиот Протокол II од 1996 година кон Конвенцијата за одредени конвенционални оружја – Протоколот за нагазни мини. Русија, САД и Украина се потписнички на Протоколот, како и речиси секоја друга голема земја. Протоколот за нагазни мини не забранува нагазни мини и мини на изненадување, но ги регулира на важни начини. Меѓу другото, се забранува насочување на мини и мини на изненадување против цивилното население или цивилни објекти. Забранува секаква неселективна употреба, вклучително и употреба што може да се очекува да предизвика повреди на цивили или оштетување на цивилни објекти, што би било прекумерно во однос на предвидената конкретна и директна воена предност. Протоколот бара да се преземат „сите изводливи мерки на претпазливост“ за заштита на цивилите, како што се огради, знаци, предупредувања и мониторинг. Забранува противпешадиски мини кои не се лесно забележливи и бара таквите уреди, поставени надвор од означените и надгледуваните области, да имаат самоуништувачки и самонеутрализирачки карактеристики кои работат по ограничен временски период. Специфично забранува „во сите околности“ употреба на мини на изненадување и други направи „на кој било начин прикачени или поврзани со „мртви“ тела, медицински предмети, храна, пијалоци и други слични предмети. Има детални технички спецификации за спроведување на овие барања. Она што беше објавено во печатот би сугерирало дека сите овие одредби можеби биле прекршени од Русија во Украина. И покрај сето ова, пријавените руски дејства, се чини дека ги прекршуваат и општите норми на правото за вооружен конфликт за кои постои индивидуална кривична одговорност. Употребата на мини и мините на изненадување претставуваат воено злосторство ако се насочени против цивили или цивилни објекти или се од недискриминирачки карактер. Тие стануваат злосторство против човештвото ако се дел од широк или систематски напад врз цивилно население. Руската инвазија на Украина ќе заврши, на еден или друг начин, оставајќи илјадници, ако не и стотици илјади неексплодирани експлозивни средства во земјата. Смртта и повредите ќе продолжат да се зголемуваат дури и во време на мир. Така, во Виетнам, на пример, 40.000 луѓе се убиени или ранети од неексплодирани убојни средства после крајот на Виетнамската војна во 1975 година. Неексплодираните експлозивни средства, исто така, се проблем и ден-денес во многу земји и региони ширум светот, претставувајќи закана за јавната безбедност. Колку подолго трае оваа војна, толку е поголем проблемот и толку подолго ќе биде потребно Украина повторно да стане безбедна.

Александар Стојчевски





# „ПАНТЕР“ 155 мм

Влечната хаубица „ПАНТЕР“ 155 мм е хаубица развиена од турската компанија „МКЕК“ за потребите на турските копнени сили. „ПАНТЕР“ 155 мм може да се користи во сите временски и теренски услови и може да ги користи сите типови на НАТО муниција 155 мм. За прв пат хаубицата влегува во употреба во 2002 година, а е дизајнирана во 1990 година. Од отворени извори може да се дојде до податок дека досега се изработени повеќе од 340 хаубици. На почетокот била дизајнирана за да ги задоволи оперативните побарувања на турските копнени сили во делот на ефикасна огнена поддршка. После долгогодишни испитувања и модификации, во 2000 година започнува производството на 6 хаубици кои официјално влегуваат во оперативна употреба во 2002 година. Хаубицата е комплетно дигитализирана со инерцијален систем за навигација, глобален систем за позиционирање (GPS) и балистички компјутер на ниво на орудие и на ниво на единица на ранг артилериска батерија. Компјутерот, покрај основните функции на пресметување на елементите за гаѓање и менаџирање со орудијата во огнена смисла, овозможува и останати функции како: работа како самостојна единица, интегрира поголема база на податоци, како за набљудувачниците така и за целите. Дигитализацијата на хаубицата и системот за насочување и контрола на оган се од производителот „ASELSAN“, водечка турска компанија за таков тип на опрема и системи.

Хаубицата се карактеризира со вградена помошна моторна единица на предниот дел, која овозможува истата да биде придвижувана на помали растојанија со брзина и до 20 км/ч на асфалтен пат. Првенствено улогата на оваа помошна единица е орудието да се придвижува во рамките на огнената позиција за побрзо и полесно насочување во основен правец, притоа имајќи предвид дека со оглед на тежината е многу тешко да биде придвижувана од самата послуга на орудието со класичен начин на туркање. Во случај да не функционира некој од клучните софтверски и дигитализирани надградби, предноста на оваа хаубица е што ги задржува сите можности да може да се продолжи со гаѓање по поедноставен пат, користејќи ги механизмите и склоповите без да се потпира на дигитализацијата, односно на модернизацијата. Хаубицата ги користи сите типови на полусоединети проектили на НАТО стандардна муниција.

Хаубицата начелно се состои од следниве склопови: цевка, санка со хидраулична кочница и повратник, противповлекувачки уред, склоп за амортизирање, колевка со механизам за давање на правец и елевација на цевката, краци и тркала и суспензија. Цевката на хаубицата е едноделна и зајакната. Истата е со должина од 52 калибри и е со полуавтоматски тип на затворач.

**Славчо Кузманоски**

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „ПАНТЕР“ 155 мм | |
|---|---|
| Калибар на цевката | 155 mm |
| Начин на полнење | Рачно |
| Дострел | 18 км (со проектил M107)<br>30 км (со проектил M549-RAP)<br>40 км (со проектил ERFB/Base bleed) |
| Должина на цевката | 52 калибри |
| Живот на цевката | 1500 проектили |
| Должина на хаубицата | 11,6 m |
| Тежина на хубицата | 18000 kg |
| Ширина | 3,3 m |
| Висина | 2,6 m |
| Послуга | 1+5 |
| Потребно време за премин од маршевска во положба за стрелба | помалку од 2 минути |
| Потребно време за премин од положба за стрелба во маршевска положба | помалку од 2 минути |
| Хоризонтално поле на дејство | лево и десно по 20 степени |
| Вертикално поле на дејство | од: -3 степени до: +65 степени |
| Режим на стрелба | 6 проектили за една минута |
| Мотор на помошната моторна единица | „Deutz“, дизел 160 hp, со водено ладење |



# „Aichi D3A"

Германија, уште пред самиот почеток на војната забележувала енормен напредок во инвациите во копнените сили, во морнарицата и во вое违ното воздухопловство. Можеби најголемето достигнување го постигнле во стратегиската и тактичката доктрина со применување на „Blitzkrieg", со чија помош германската армија на нацистичка Германија успеала да ја покори Европа. Меѓутоа, на Истокот, уште пред официјално да започне Втората светска војна, втората најмоќна сила од силите на оската, Јапонија, забележувала веќе значителни победи во битки кои вклучувале голем број на луѓе и технологија. Како врвен адут на јапонскиот „Blitzkrieg" било јапонското воено воздухопловство кое, пак, исклучително применувало софистицирана технологија и тактика за поддршка на копнените сили наречено „dive bombing". Оваа тактика прв пат започнала интензивно да се појавува и да се употребува во Втората светска војна. Челникот за изведба на оваа тактика во јапонската воздухопловна доктрина бил неприкосновениот воздухоплов „Aichi D3A".
Воздухопловот „Aichi D3A" првично бил дизајниран за оперативна употреба од носач на авиони. Иако авионот бил дел од единиците на јапонската империјалистика морнарица, во

**Во Втората светска војна, покрај многубројните иновативни технолошки изуми, значителни промени се случиле и во тактиката и оперативната употреба на тогашната модерна технологија**

подоцнежните фази на војната тој бил употребуван и до јапонско империјалистичко воздухопловство. Меѓутоа, авионот ја стекнал својата слава токму како дел од јапонската морнатица, односно изведувајќи оперативни дејности од носач на авиони. Неговото полно име било „Aichi D3A Type 99", а сојузниците набргу му доделиле прекар „Val". Неговиот "влез" на светската воздухоплвона сцена бил во јапонскиот напад на американската морнарица и воздухопловни сили на Перл Харбор. Авионот бил вклучен во скоро сите боребни операции на јапонската империјалистичка морнарица, и воедно бил првиот воздухоплов кој што за време на Втората светска војна извршил бомбардирање на американкси цели.

Интересен факт за овој авион е дека тој потопил повеќе сојузнички воени бродови од било кој друг авион во рамките на силите на Оската.
Во 1936 година, јапонската морнарица била во потрага по нов авион кој ќе одговори на тогашните побарувањата стекнаите од модерните промени и предизвици во воздухопловниот сектор. Имено, главното побарување од страна на јапонската морнаица било барање на авион кој ќе го замени двокрилино застарувачки „D1A" бомбардер за оперативни дејности од носач на авиони. Барањето било во форма на еден вид испишан тендер наречен „11-Shi" во кој ги содржело точните карактеристики и спецификации на потребниот воздухоплов. Трите најголеми компании кои се занимавале со производство на воздухоплови, „Mitsubishi", „Aichi", и „Nakajima", аплицирале. Меѓутоа, јапонската морнарица тендерот го доделила на компаниите „Aichi" и „Nakajima" со иницијален договор за производ на два прототипа. Иницијалните нацрти за креирање на потребиниот авион биле базирани на германскиот „Heinkel He 70 Blitz". Тоа значело дека јапонскиот бомбардер бил замислен со долги елиптични крила, фиксни тркала, придвижуван од „звезда" мотор, сотавен од девет цилиндри кои развивале околу 700 коњски сили. Според деталните

проучувања на германскиот авион „He-70”, јапонските воздухопловни дизајнери заклучиле дека фиксните тркала нема да прават проблем за бараните летачки карактеристики на авионот. Ова се должело на моќноста на моторот на авионот, а со тоа и брзината авионот која била доволно спора при што не се јавувал воздушен отпор за дестабилизација. Според иницијалниот дизајн, авионот бил придвижуван од од мотор “Nakajima Hikari 1”. Првиот прототип бил произведен во 1937 година под името “Aichi D3A1”. По изведувањето на првиот лет, воените експерти биле разочарани од демонстративните карактеристики на воздухопловот. Тој бил премногу спор со недоволна моторна моќ. Она што било најмногу загрижувачки е губењето на правец и контрола при широки и тесни маневерирања. При самата команда на вртерње авионот тежнеел кон нагло вртење упатено кон земјата. Прототипот бил исто така произведен со воздушни кочници (критични при употреба на тактиката “dive bombing”) под стандардот кој бил во нацртот на побарувања од страна на јапонсакта морнатица. Тие биле дизајнирани да функционираат до максимална брзина од 370 километри на час, додека јапонската морнарица барала максимална издржливост до 440 километри на час. На демонстративниот лет, било утврдено дека и тие воздушни кочници наменети за 370 километри на час биле под огромен притисок кој создавал критични вибрации.
Со појавата на вториот прототип, воените експерти виделе нешто поинакво и драстично различно од првиот лет на авионот. Дизајнерите на авионот преземале модификациски активности да одговорат на спомenатите проблеми при лет. Како прва мошне важна промена, било употребата на нов помоќен мотор. За таа цел, дизајнерите го модифицирале панелниот дел кој го покривал моторот со цел да одговара на новиот мотор “Mitsubishi Kinsei 3” кој имал способност да разиве нешто повеќе од 830 коњски сили. Новиот мотор бил скоро целосно базиран врз американксиот мотор “Pratt & Whitney R-1690 Hornet”. Наведената информација покажува колку јапонските воздухопловни дизајнери интензивно учеле од понапредната западна технологија и индустрија, пред се во доменот на моторите. Меѓутоа, сегментот кој го издигнал овој авион на ниво од кое се плашеле скоро сите сојузнички морнари, е јапонската воздухопловна конструкција која во комбинација со останатите делови од авионот произвела смртоносен бомбардер за сојузничките бродови. Комбинацијата од стабилност, бавност и




прецизност на иншанење била добитна кога авионот бил соодветно заштитен од јапонските ловци, тактика која на почетокот на Втората светска војна донела големи победи на Јапонската Империја. Останатите промени кои биле направени на вториот прототип, биле зголемување на вертикалниот стабилизатор, зголемување на размерот на крилата, и зголемување на дебелината на нападниот раб на криалта. Овие промени, особени последната, значително го намалиле степенот на дестабилизација и губење на контрола на авионот. Меѓутоа проблемот сепак постел иако бил менаџиран. Овие промени биле доволни за воените експерти на јапоснакта морнатица да го селектираат вториот прототип на „Aichi” наместо конкурентот од „Nakajima”, авионот „Nakajima D3N1”. Активното производсво на авионот започнало во 1939 година, така што авионот добил официјално име од јапонсакта морнарица „Navy Type 99 Carrier Bomber Model 11”. Започнувајќи со првиот авион наменет за активно производсто и оперативна употреба, јапонските дизајнери направиле дополнителни промени кои ги решиле претходните проблеми на аивонот. Не само што ги решиле, туку авионот демонстрирал високи маневрирачки способности, нешто што јапоснката морнарица го посакувала. Проблемите биле решени со вградување на уште помоќен мотор „Mitsubishi Kinsei 43” со моќност од 1000 коњски сили или моторот „Mitsubishi Kinsei 44” со моќност од 1070 коњски сили. Дополнителни

| Главни карактеристики на „Aichi D3A2” | |
|---|---|
| **Екипаж** | 2 |
| **Должина** | 10,19 метри |
| **Распон на крила** | 14,36 метри |
| **Висина** | 3,84 метри |
| **Мотор** | Еден „ѕвезда“ мотор „Mitsubishi Kinsei 54” со 14 цилиндри и способност за развивање на 1300 коњски сили. |
| **Максимална брзина** | 430 километри на час |
| **Максимална висина на летање** | 10.500 метри |
| **Вооружување** | Два митралези „Type 97” со калибар од 7.7 милиметри, лоцирани во предниот дел, над моторот.<br><br>Еден митралез „Type 92” со калибар од 7.7 милиметри, лоциран во задниот дел на пилотската кабина, наменет за употреба од страна на навигаторот<br><br>Една бомба од 250 килограми, лоцирана на носач под централната воздушна конструкција и две бомби од по 60 килограми, лоцирани на носачи под крилата. |




промени се направиле во доменот на крилата, кои биле модифицирани со мало намалување на размерот. На овие промени се додала и можеби најважната промена, а тоа било вградување на дополнителен триаголнест панел или дел кој се протегал од завршетокот на пилотската кабина, некаде од средината на централната воздушна конструкција до опашот на авионот. Оваа промена целосно ги решила проблемите на дестабилизација и губење на контрола. Во 1942 година, авионот добил дополнителни модификации на модернизација и унапрдување на карактеристиките. Моторот „Mitsubishi Kinsei 54" бил новата надоградба која му дала на авионот дополнителни 300 коњски сили, односоно севкупни 1300 коњски сили. Овој модел бил исто така именуван од морнарицата како „Model 12". Меѓутоа, дополнителната моторна моќ, придонела намалување на оперативниот дострел на авионот. Како последица, јапонските дизајнери иразботиле решение за вградување на дополнителни резервоари во постоечката воздушна конструкција за поголем капацитет на гориво. Со модификациите вкупниот капацитет на носивост на гориво изнесувал 900 литри, и овој модел бил познат како „Model 22". За максималниот потенцијал на „Aichi D3A1" во оперативни дејности биле потребни двајца. Еден пилот и еден навигатор. Авионот исто така бил опремен со повеќенаменски нишански направи од кои дел, биле наменети за употреба од страна на навигаторот. Овие нишански направи овозможувале авионот да извршува не само тактика на „dive bombing" туку и линкиско големо-висинско бомбрадирање, со примена на конвенционална тактика. Нишанењето на пилотот при извршување на тактиката „dive bombing" било овозможено со телескопски нишан „type 95" или „type 99". Навигаторот на располагање имал две нишански справи кои го правеле авионот способен за конвеционално бомбрадирање. Овие справи биле вградени во задниот дел на пилотската кабина и биле од типот „Type 97 MK1" и софитицирана направа за мерење на брзината на ветерот и одредување на точни навигациско-локациски податоци.



Авионот „Aichi D3A1" во текот на Втората светска војна добил и варијанта „Aichi D3A2", која била со вграден панел на пропелерот. Карактеристиките биле незначително подобрени, но авионот добил помодерен изглед, и подобра аеродинамика. Не постои борен сектор во пацификот каде „Val" не бил вклучен во оперативни дејства. Иако сојузничките авиони биле значително понапредни, како што војната се приближувала до својот крај, „Aichi D3A" го претставувал ‘рбетот на јапонските јуришни бомбардери. Манервирачките способности, едноставноста во управувањето, едноставната но сепак софистицирана технологија, направиле авионот да биде меѓу омилените кај пилотите на јапонската морнарица. Највпечатливата особина на авионот која го издвојувала од останатие современици била стабилноста и прецизноста при изведувањето на тактиката „dive bombing".

Димитар Даневски



# Вештачката интелигенција во борбата против сајбер-криминалот

„Додека милиони луѓе преминуваа на далечинска работа за време на пандемијата, криминалците го искористија зголемениот обем на онлајн-активности. Според ФБИ, измамите се проширија. Шверцерите на луѓе и картелите со дрога, долго, барајќи начини за заобиколување на регулаторите и спроведувањето на законот, го рафинираа нивното перење пари преку онлајн-маркети и криптовалутни валути“, објави Владината канцеларија за одговорност на САД. За да се приспособат на овие закани, регулаторите и органите за спроведување на законот се завртеле кон вештачката интелигенција и машинското учење за борба против лошите актери. Овие алатки им помагаат на официјалните претставници да ги забележат трендовите и да одредат правила за помош на банките и на другите институции да ги идентификуваат и да ги известат сомнителните трансакции.
Регулаторите, спроведувањето на законот и банките имаат слични приоритети, иако често различно ги разгледуваат. Банките сакаат да најдат лоши актери и да ги пријавуваат. Креаторите на политиката треба да создадат правни насоки за да им помогнат на банките да ги забележат. Истражителите на полицијата препознаваат дека иновативната технологија обезбедува најдобри алатки за идентификување и затворање на шверцери со луѓе, прстени за дрога и други криминални синдикати.
Околу 95 проценти од прашањата за сајбер-безбедноста можат да бидат проследени од човечка грешка, како што откри Светскиот економски форум. Недостатокот на експерти за сајбер-осигурување го усложнува проблемот. Вештачката интелигенција и машинското учење можат да ја преземат таа работа. Вештачката интелигенција им помага на официјалните претставници во процесот на откривање, пронаоѓајќи таканаречени „непознати непознати” или проблеми кои остануваат скриени од регулаторите, како и модели во податоците низ повеќе фирми и системи кои укажуваат на новопојавувани закани и нови модели на однесување. Размислете како таканаречените романси во Југоисточна Азија наводно ескалирале во последниве години од поединци кои ги заведуваат жртвите „онлајн“ и ги крадат нивните пари во распространети криминални организации кои ја надгледуваат трговијата со луѓе, присилната работа и насилството низ целиот регион. Полицијата може да ги собере и да ги „прелее“ податоците за да открие кој ги извршувал овие злосторства само по еден случај.
Повеќе јурисдикции и валути ја отежнуваат својата работа. Вештачката интелигенција и машинското учење ја зголемуваат нивната домен-експертиза, помагајќи им да ги поврзат суптилните траги во бројни податочни потоци за да откријат нелегална неправда. 95% од извештаите за сомнителни активности се лажни позитивни страни. Користејќи пошироки податоци за фаќање на сите познати ризици и за намалување на алармите, Вештачката интелигенција може да ги намали лажните позитивни резултати за повеќе од 75 проценти, откривајќи го криминалот и за да може поефикасно ресурсите да бидат пренасочени кон други, повисоки закани.
Виртуелните резултати од циклусот, бидејќи откриваат нови злосторства, регулаторите добиваат повеќе знаења и можности за ажурирање на нивните пристапи за фаќање на нови криминалци. Вештачката интелигенција и машинското учење можат да ѝ помогнат на полицијата, да ги издвојат најлошите актери и да соберат доволно докази против нив. Идентификување на непознати врски и врски помеѓу ентитетите и луѓето, забележување на необични промени во однесувањата низ ентитетите, дигитално следење на активностите и други истражувачки технологии им помагаат при спроведувањето на законот, со цел да се посочат најмистериозните и неостварливи лоши актери кои ги извршуваат најштетните злосторства. Кога има голем број на податоци, вештачката интелигенција може да ги препознае вистински сомнителните модели и недоследности кои се сигнални знаци на перење пари на организациите за трговија со дрога и луѓе итн.

м-р Зорица Стојкова



# Модели на нишан

За многумина, ширум целиот свет, моделарството претставува неизоставно хоби. Тие се занимаваат со изработка на многу мали, но функционални, модели на разновидни подвижни и неподвижни објекти. Зависно од видот на објектите кои се изработуваат, тие се групираат во одделни интересни сфери, така што постојат воздухопловни моделари, бродомоделари, ракетни моделари, автомоделари градежни моделари и ред други

Воздухопловното моделарство, како и некои други видови на моделарство, претставува основна и важна алка во развојот на авијацијата или на воздухопловството од самите негови почетоци. Изработката на вистинските летала, некогаш и денес, бара, пред сѐ, изработка на технички цртежи и пресметки, конструктивни решенија и изработка на модел – макета во соодветен размер, кој ќе послужи за реализација на соодветни испитувања. Инаку, ќе потенцирам дека макета претставува модел кој е изработен во соодветен размер, во случајов, со вистинскиот авион. Со нив почнува првата фаза на испитување на идното летало во т.н. аеродинамички тунели. Воздухопловното моделарство не може да се смета само како хоби или натпреварувачка дисциплина, туку како комплексна техничка гранка која создава симбиоза или синергија меѓу аеродинамиката, физиката, термодинамиката, метеорологија, конструкторство, технологијата, познавање на материјалите и низа друго. На крајот на испитувањата на моделот или макетата, со добиени позитивни резултати, следи изработката на првиот вистински примерок на проектираниот авион, популарно наречен „прототип“. Тогаш на него продолжуваат да се прават првите реални испитувања.
Тоа е, би рекол, првиот дел од приказната за воздухопловните модели. Но, воздухопловните модели, во основа, претставуваат функционални модели кои можат вистински да летаат и да маневрираат, за разлика од макетите кај кои тоа не е случај. Е, токму таквите воздухопловни модели можат да имаат уште низа други функционални употреби. Многу често, гледајќи филмови, не забележуваме дека авионите кои вртоглаво летаат или несреќно се уриваат, во многу случаи се радиоуправувани модели. Всушност, тоа се модели во кои има вградено електронски приемник, а вештите моделари ги управуваат со електронски безжичен предавател.
Ваквите радиоуправувани модели, во минатото, па и денес, се користат и за воени цели. Нивната улога може да биде со цел извидување, фотографирање или снимање од




воздух, но може да бидат користени и за вежбовни активности на помали единици за противвоздушна одбрана. Токму ваква единица некогаш имаше и во скопската касарна „Илинден“, која беше опремена и со споменатиот тип на радиоуправувани или командувани, РК-модели. Таа беше во состав на некогашната југословенска армија, а употребата на овие РК модели беше во текот на седумдесеттите години од минатиот век. Моделите беа стационирани и се одржуваа во Скопје, но според потребите се носеа низ другите воени единици ширум македонските простор. Беа „спакувани“ во специјални дрвени сандаци, со издвоени крила, труп, хоризонтален и вертикален стабилизатор. Моделите брзо се склопуваа и се расклопуваа на местото на кое и се летаа.
Знаејќи ја „сериозноста“ на ваквите посебни модели, чие управување бара извонредни вештини и тренинг, како и нивната цена на чинење (во тоа време и над 5.000 американски долари), на ваквите вежбовни активности често беа ангажирани искусни и проверени моделари, цивилни лица, кои имаа големо искуство и постојан „тренинг“ за нивно користење. Меѓу нив, во еден период, бев и јас. Мојата, односно задачата на ангажираните моделари беше да го летаат, односно да го управуваат моделот во различни режими на летање (спуштање, кревање, хоризонтално или летање со акробации), а задачата на „противавионците“ беше да го следат, односно да го нишанат моделот во текот на летот. „РК“ моделите кои се користеа за оваа намена беа придвижувани со мали мотори со внатрешно согорување и со двокраки пропелери или беа безмоторни модели – едрилици, повлекувани со сајли и макари. Нивната големина, односно просечното растојание на крилата, се движеше од 2 – 4 м. Беа изработувани целосно рачно, а за нивната изградба се користеа комбинирани материјали, како: дрво, пластика или епоксидни смоли, како и свила или хартија, употребувајќи и разни лостови од метал и пластика. За жал, не ретко, се случуваа и „несреќи“ при кои моделите беа оштетувани, кога на помош, повторно се повикуваа незаменливите воздухопловни моделари.



Покрај споменатата употреба, овие модели се користеа и за снимање од воздух со сместување на камера до просторот на трупот, која беше вклучувана пред самото полетување на моделот.
Вака наброените примени на воздухопловните модели, како и постоењето на воздухопловна индустрија во бившата југословенска држава, тогашната армија беше еден од двигателите и на развојот на воздухопловното моделарство, како во рамките на спортските активности, така и на полето на науката и техниката.
Сите тие моделарски активности, на крајот, доведуваа до посебна корист во развојот на воената одбранбена моќ на државата, како и до побрз развој на воздухопловната техника и индустрија.
Во тој синџир, воздухопловното моделарство претставуваше некакво почетно скалило во чекорењето кон небеските височини. Велам претставуваше, затоа што денес сè помалку се употребуваат ваквите модели и ваквиот пристап. Нивната изработка е макотрпна, а вештините и знаењата за нивно користење се рамнеа со вештините на вистинските пилоти. Денес, полека но сигурно, технологијата и компјутерските можности го менуваат пристапот и во воздухопловните активности воопшто.
Полека, но сигурно, воените беспилотни летала – дронови, се наметнуваат како модерна и современа авијација со отворен пат кон иднината, независно од тоа за каква цел и употреба се работи.
Темата за нив и за нивниот развој датира од дамнина, речиси паралелно со идејата за радиоуправувани модели, но технолошкиот развој и компјутеризацијата условија тие да добијат значајна предност во нашата блиска и подалечна иднина.
Како и секоја друга воена технологија, и дроновите, од фазата на замисла, преку експерименти и „играчки“, стигнаа до реално ефикасни системи за општо и конкретно извидување во реално време, за вооружени дејства, а на крајот и за цивилни потреби.
Сепак, би рекол за среќа, во мојот аеродневник останаа фотографии и забелешки кои сведочат за некогашните воздигнати радиоуправувани модели кои крстареа на ова наше, македонско небо, на кои, исто како и на многу други летала, им се претскажуваше „светла иднина“. На крајот, би рекол, технологијата секогаш води кон напредок и проектирана иднина, но историјата немо сведочи за нејзиниот реален развој и унапредување.

Ѓорги Чачкиров



# Шведскиот музеј на авијацијата „Aeroseum“

Музејот „Aeroseum“ е одличен пример за тоа како да се искористат демилитаризирани поранешни вони објекти во корисни јавни институции. За љубителите на авијацијата и раритетите од периодот на Студената војна, посетата на овој музеј е нешто што мора да се реализира. Концептот кој го негува и гради музејот е посетителите, не само да ги видат изложените експонати, туку и да го доживееат и почувствуваат летањето. На посетителите им се нудат единствени можности како што се да градат, да реставрираат, виртуелно и реално летање со хеликоптер и стари воздухоплови. Експонатите се претставени во експериментална, искуствена и едукативна форма. Сместен 30 м под површината на земјата во подземниот бункер – „F-9“, во склоп на поранешната воздухопловна база, Гота музејот зафаќа површина од 22 000м² и истите се во подземен дел. Лоциран во *Säve* северно од Gothenburg. Подземниот дел од музејот т.е. подземниот бункер е изграден во периодот од 1950 до 1955 г. Локалитетот е користен од страна на

Музејот на авијацијата во Шведска – „Aeroseum“, е посебен вид музеј кој нуди единствена можност да го видите развојот на авијацијата, но воедно и да посетите подземен бункер од периодот на Студената војна.

шведското Военото воздухопловство до 1990 г. Во 1999 г. фондацијата „Аеросеум“ го презема музејот и почнува со негово уредување. Од 2006 г. музејот ги отвора вратите за посетителите и од тогаш па сè до денес бројот на посетители полека расте и во просек истиот го посетуваат над 50000 посетители годишно. Музејот е поделен во два главни сегменти. Првиот дел на музејот е всушност влезенот коридор од подземниот хангар. Вториот дел на музејот, кој воедно е и главен дел на музејот, е поранешната локација каде што биле складирани и одржувани воздухопловите. Овој дел е поделен на три сегменти кои се меѓусебно поврзани. Во својата колекција има околу 40 воздухоплови од различен тип и особено голема колекција на различна опрема за одржување на воздухоплови и вооружување. Првиот знак дека се наоѓате во близина на музејот е присуството на авионот „Saab J35F Draken“. Пред влезот на музејот (подземните тунелски простории) се поставении и хеликоптерот „MI-2“ и кокпит од „JA37D Viggen“. Со влегување во подземниот дел, прва работа која ве импресионира е самата градба. Првите авиони на кои наидувате во овој коридор од подземниот хангар се SAAB 91A „Safir“, кој е единствениот „Safir“ од овој тип кој е во состојба да лета. По него следат „North American Harvard Mk IIB“, „SAAB J-29F –flying barrel“, „SAAB J35 F Draken“, „SAAB AJSH37 Viggen“ кој, иако е импозантен по големина, сосема комотно е сместен во подземниот музеј. Еден од аспектите кој е мошне обожуван од посетителите е дека нема никакви јажиња или бариери помеѓу посетителите и авионите. По авионите следат неколку



хеликоптери, и тоа „Alouette II“, „Augusta Bell 204B“, „Bell 206 Jet Ranger“ и „MBB B0105“. Со поминување на следната заштитна врата се влегува во главниот дел на музејот каде што се распоредени повеќето интерактивни активности, кафе-барот, симулаторите итн. Најголемиот авион во овој дел е „Boeing Vertol/ Kawasaki HKP4C UH-46B Sea Knight“, до него е поставен ултралесниот авион „Alouette II“. До него е поставен уште еден примерок од „Draken“, каде што посетителите може да влезат во кокпитот. „SAAB J-32“ е поставен до делот со симулатори. Во склоп на музејот има и осум различни симулатори во кои посетителите може да влезат и да ги пробаат своите пилотски способности. Една уникатна можност што се нуди во овој музеј е и симулатор за посетители во инвалидски колички. Користењето на симулаторите се доплаќа дополнително и побарува за дел од нив посетителите да се со минимална висина од 150 см. Покрај експонатите, поставени се и табли со дополнителни информации за изложените експонати на повеќе јазици. Музејот нуди можност за организирани тури со специјализирани водичи кои најчесто се поранешни пилоти или дел од персонал кој бил распореден во подземната база. Потребно е претходно истите да е најават и да закажат преку веб-страницата на музејот. Како дополнителен елемент кој се посетува при овие организирани тури се дел од просториите на подземната воздухопловна база кои биле помошни и технички. Музејот нуди можност за изнајмување на просториите за организирање на различни промотивни активности, детски забави со програма итн. Покрај постојаните поставки кои се изложени во музејот, често пати на одредени периоди се организираат тематски поставки од привремен карактер, како





што се: шведска крајбрежна опрема, студена војна, противвоздушна одбрана на Западна Шведска, шпиони, штази, комуникациска опрема во воздухопловството итн. Во организација на музејот за посетителите се реализираат и натпреварувања во петобој во различни дисциплини, како што се: редење дрва, изработка на хартиени авиони, квиз со прашања од Студената војна, игра на меморија, погодување на модели на авиони, отворање на врата од подземниот хангар, натпревар во летање на симулатор итн. Покрај стандардната посета на музејот, во понудата спаѓа и хеликоптерска тура над Gothenburg и лет со балон.

Златко Блажески



# Жените информираат за Авганистан

Пред една година Талибанците го окупираа Авганистан, преземајќи ја контролата врз земјата во услови на хаос создаден поради повлекувањето на трупите на САД и Велика Британија. Животот на жените низ целата земја е суштински променет, т.е., нивните права се скратени а слободите ограничени. Наредбите на Талибанците да се оневозможи образованието на жените и истите да се отстранат од нивните работни места добија посебно име од страна на активистите – „родов апартхејд". Психологот Филис Чеслер, го дефинира феноменот како „практики кои ги осудуваат девојчињата и жените на посебна и подредена егзистенција и кои ги претвораат момчињата и мажите во постојани чувари на чистотата на нивните женски роднини. Случаите на родовиот апартхејд водат не само до општествена и економска немоќ на поединци, туку може да резултираат и со тешка физичка штета. Овој напис ги пренесува приказните подготвени од Авганистанската медиумска опрганизација „Рукшана Медиа", која има разговарано со жени од Авганистан за нивните искуства од животот под

„Бев полицајка. Сега сум питачка на улица". Ова е изјава на една авганистанска жена, а воедно таква е судбината и на многу други жени во Авганистан, една година откако Талибанците ја презедоа власта. Студентки, мајки, вдовици, работнички и уметници раскажуваат како нивниот свет се променил под „родовиот апартхејд"

талибанска власт.

**Самана од Кабул –** Си одев сама накај дома, кога свртев по една напуштена уличка и наидов на двајца Талибанци кои ги имаа преметнато пушките преку рамениците. Тие викаа дека сум проститутка затоа што сум разоткриена и бараа да им одговорам зошто не носам хиџаб. Ми го вперија пиштолот во лице, а еден од нив го имаше ставено прстот на чкрапалото. Јас ја спуштив главата и реков: „Нема да се повтори". Кога дојдов дома, седев и плачев цел еден час. Си реков: ова е предупредување за тоа што следува. Оттогаш паднав во длабока депресија. Не можам да поднесам да ги гледам моите шарени алишта наредени во мојот плакар бидејќи ме потсетуваат на сè што сум изгубила.

**Захра од Западен Кабул –** Откако беше објавена наредбата за хиџаб, ме фатија талибанските борци. Ме прашаа зошто не носам хиџаб. Иако немам намера да ги следам нивните наредби, се извинив и мислев дека ќе ме пуштат. Но, тие дојдоа во мојот дом и му рекоа на моето семејство дека следниот пат кога ќе ме фатат јавно откриена ќе ме уапсат. Оттогаш татко ми ретко ми дозволува на мене или на моите сестри да излеземе од дома и вели дека не можеме да одиме на универзитетот. Дури и моите браќа сега знаат што носам и каде одам во секој момент.

**Зарлашт од Кабул–** Во јуни бев на пат со брат ми. Талибанските борци не запреа на еден контролен пункт. Најпрво н одвоија и нè испрашуваа за да разберат дали сме меѓусебно

поврзани. Потоа ни побараа национални лични карти. Кога брат ми рече дека не ги носиме личните карти со нас, тие се налутија и еден од нив го удри со пушка и беше подготвен да пука. Сепак, нè натераа да седиме два часа, а потоа моравме да ги повикаме нашите семејства да донесат лични карти за да се вратиме дома. Оттогаш не се осмелувам да ја напуштам куќата.
**Сабира од провинцијата Бамјан –** И покрај тоа што не е задолжително, ние сме принудени да носиме црн хиџаб за да ни биде дозволено да влеземе на универзитет. Откако ќе влеземе внатре, жените се под постојан надзор. На вратите и ѕидовите има забелешки за хиџабот. Никогаш не замислував дека еден ден, во Бамјан, сите студентки ќе бидат принудени да живеат вака. Не ми се верува во што се претвора животот овде.
**Абаси, Западен Кабул, за нападите на Исламската држава –** Мојата другарка и јас разговаравме во автобусот додека се возевме накај работа. Одеднаш сè околу нас експлодира додека поминувавме низ шиитската населба Хазара во Западен Кабул. Се најдовме среде масакр. Имено, откако Талибанците ја презедоа контролата, безбедноста за сите нас се влоши а нашиот автобус во тој момент беше бомбардиран од милитантите на ИД. Подоцна дознавме дека во тој настан биле убиени многу луѓе. Јас бев ранета во ногата и во градниот кош, а другарка ми во десната нога. Кога експлодираше бомбата, сè се смени кај мене. Иако, откако Талибанците го презедоа животот, работите беа тешки, јас сепак продолжив со мојата работа и бев решена да живеам храбро. Сега, после нападот, живеам во постојан страв. Болката од моите повреди беше измачувачка. Поминав низ пет операции и не можам да одам во тоалет или да се облечам без помош. Но, длабоки се и психолошките рани. Морам да го поминам местото каде што експлодираше бомбата за да стигнам до лекарските прегледи и секогаш кога чувствувам како возилото се тресе, повторно ја чувствувам топлината на експлозијата и звукот на луѓето што врескаат. Ова се сликите кои постојано се повторуваат пред моите очи, дури и кога се обидувам да спијам.
**Сакина од Кандахар, вдовица –** Животот одамна не е лесен. Го изгубив сопругот во воздушен напад пред пет години, а пред Талибанците да ја преземат власта работев и продавав улична храна за да ги издржувам моите деца. Сега не ми дозволуваат да работам. Талибанците ми дадоа на мене и на другите вдовици картичка да бараме вреќа пченица, три литри масло за јадење и 1000 авганистански авгани [9 фунти] на секои три месеци, но тоа не е доволно за да го одржиме нашето семејство. Живеам со уште три вдовици и со нивните деца, но киријата ни е 40.000 авганистански авгани месечно и не можеме да ја платиме. Загрижена сум дека ќе гладуваме ако не можеме да работиме.
**Мерјам, поранешна полицајка, заштитена локација –** Сè додека Талибанците не ја презедоа власта, работев како полицаец. Мојот сопруг умре, но можев да ги издржувам моите две ќерки од мојата полициска плата, односно можев да им дадам сè што им треба. Сега останав без работа, а Талибанците ловат жени кои работеле во безбедносните служби. Сè уште се плашам дека ќе ме најдат. По цел ден седам на улица под бурка за никој да не ме препознае и да не ме предаде. Не можам да се  препознаам во што се претворив. Еден ден, две момчиња ми фрлија парички, а едното од нив рече дека сум проститутка. Отидов дома со пари колку да им купам два леба на моите деца и плачев цела ноќ.
Одделение, но не ми дозволуваат да одам на училиште. Затоа, откако Талибанците ја презедоа власта, решив да го претворам предизвикот во можност, па сега купувам суровини како монистра и ткаенина од пазарот и им ги продавам на жени кои прават традиционална облека во нивните домови. Заработив малку пари и сега сакам да го искористам ова за да основам сопствена фабрика доколку ситуацијата се подобри. Горда сум што сега можам да помогнам и да го издржувам моето семејство.
**Катера, уметник од Херат за културниот живот –** Вложив повеќе од половина од мојот живот работејќи како уметник, правејќи традиционални гравури и дизајни на дрво. Јас бев единствената жена-гравер во мојот регион и имам создадено над 1000 уметнички дела. Откако Талибанците дојдоа на власт, да се занимавате со уметност е опасна работа. Да се биде жена и уметник е уште поопасно. Талибанците рекоа дека можам да продолжам со моите гравури, но



**Мах Лика, 14 години, локација заштитена –** Кога ми кажаа дека не ми дозволуваат да одам на училиште, бев депресивна и немав мотивација да работам и да учам дома. Но, постојано си велев дека морам да продолжам да одам на ушилиште за подобра иднина и за да ги реализирам моите соништа. Треба да најдам начини да продолжам да учам, и покрај забраната за девојчињата да одат на училиште. Затоа, сега, секој ден учам англиски дома за да можам да аплицирам за стипендија, а можеби и некој ден да студирам информатика во странство. Сè уште се обидувам да постигнам нешто за себе.
**Самира, 18 години, локација заштитена –** Треба да бидам 12-то
знам дека тоа е невозможно. Се самоцензурирам затоа што не се чувствувам безбедно. Порано гравирав лица и фигури, но сега главно печатам стихови од светиот Куран на дрво. Морам да најдам друг начин да преживеам и да ја заборавам уметноста. Порано го поминував секој ден во моето студио, но сега во него се враќам на секои еден или два месеци за да ги исчистам моите гравури и алатки. Поголемиот дел од мојата опрема ја дадов на аукција, а моите пријатели ме советуваат да го напуштам Авганистан. Моите ирански клиенти ми велат да се преселам во Иран, каде што мојата работа ќе биде ценета. Но, јас им велам дека ќе останам во Авганистан, бидејќи еден ден работите може да се сменат.




**Бахра од Херат, Клуб на читатели – **Во најтемните моменти, дури и кога нема надеж, се трудиме да одиме по пат кој никогаш не може да се затвори, а тоа е патот на книгите. Потекнувам од семејство на поети и писатели и имам завршено магистерски студии. По два месеци од владеењето на Талибанците во Херат, јас и уште четири други мои пријателки решивме да формираме клуб на читатели. Првата книга што ја избравме беше персиски превод на „Кловнот“, роман од 1963 година на германскиот писател Хајнрих Бол. На почетокот состаноците ги одржуваме во тајност, но набргу и други слушнаа што правиме. Сега имаме над 40 членови од сите сфери на животот и водиме дискусии на „Telegram“. Некои од нас се обидуваат да се состануваат на секои две недели за да разговараат и да ја критикуваат светската литература. Избираме книги што ни се достапни во Авганистан, книги кои, исто така, кажуваат нешто пошироко за светот и за тешкотиите на жените низ историјата, односно што тие жени сè имаат направено за да ги направат тие тешки историски денови да бидат подносливи. Читаме и книги напишани од луѓе кои ја преживеале Втората светска војна, бидејќи сите можеме да се идентификуваме со тие преживеани. Тоа е една борба за да се одржи во живот духот на жените од Херат. Овие состаноци на клубовите на читатели станаа наше засолниште.

м-р Билјана Поповска (адаптирано од https://amp-theguardian-com.cdn.ampproject.org/c/s/amp.theguardian.com/global-development/2022/aug/14/life-for-afghan-women-one-year-after-the-taliban-took-power)










# Пукањето во Прилеп е синоним за Востанието

11 Октомври е светол ден во современата македонска историја, ден кој е судбински врзан со Прилеп, кога со партизанските истрели Македонците покажаа дека ќе се борат за својата слобода и држава. И, се изборија. Има многу записи за настаните што се случуваа тој ден во Прилеп, дел од нив се собрани во книгата „Победничкиот истрел – 71 година од утрешнината“ од авторката Елизабета Митреска. Еден од тие записи кој ја отсликува целата состојба е записот на прилепчанецот, драмскиот автор Коле Чашуле, кој запишал дека „на смртта гледавме како на награда“. Чашуле, за настаните тие денови забележал:

„Се подготвуваме за акцијата со денови. Сите. Ги стискавме в раце револверите, кога ќе се доберевме до нив, со надеж дека токму ние и токму со тој револвер ќе го означиме востанието, ги пребројувавме пак и пак недобројно малкуте куршуми и пред очите гледавме како секој од нив соборува, не еден, туку стотици непријатели, а на оние што имаа бомби гледавме како на нешто повисоко и се однесувавме кон нив со завист. Дојде акцијата. Ги чекавме тие што не успеаја да стигнат. Лежевме стиснати во карпите и молчевме. Зборовите ќе нè одделат од тоа што го смислувавме, мислевме. Не е тешко да се погоди што мислат и смислуваат усвитени

> Достојно одбележување, паметење на 11 Октомври 1941 година и на настаните што се случувале тој ден во Прилеп е наша задача. И после 81 година, овие и следните генерации што ќе дојдат, имаат задача да го помнат и да го негуваат овој празник.

деветнаесетгодишници што тргнале против светот. Најпосле, штабот ја соопшти распределбата. Ние одевме на акција, повеќето останаа... Можеше и да загинеме, да не се вратиме од тоа тргање, но кој мислеше на тоа. Не ќе е претерано ако речам дека во тие мигови ние и смртта гледавме како на награда...“.

Народниот херој Вера Ацева, која таа вечер била кај Ѓоре Дамески, забележува – „Нашите успеаја“. „Одеднаш – силна експлозија. Бомба. Уште една. Гледам на часовникот – точно е 22 часот и 2 минути. Готово, почна! Мајка му на Ѓорета дотрча од другата соба. Потивко, деца, потивко. Многу викате. Ѓоре ја крена мајка му, ја врти низ собата, ја бакнува и и вели – Мамо, слушаш ли? Слушаш како се пука? Тоа се нашите партизани. Почна востанието во Македонија. – Алал да ви е Ѓорѓија, синко! Алал да ви е! Белким не ќе биде крајот како на Илинден. Леле, овие пци да не ве испотепаат? Огно да ги изгори! – вика тетка Стевка... Силно ми чука срцето.Чинам дека од радост ќе ми излета од градите. Му кажувам на Ѓоре. И мене, ми одговори тој. Беше еден часот по полноќ. Пукотниците не стивнуваа. Одеднаш почна некое брмчење. Пак влезе тетка Стевка во собата. Деца, одоздола, откај фурната доаѓаат камиони и по сокакот ‘истура’ војска – ни вели. Го блокираа градот – и одговоривме ние...... До следното утро, на 12 октомври, градот беше стегнат како во менгеме од фашистичката војска. Пред секоја порта речиси еден до друг со штикови на пушките беа наредени и стоеа војници. Екипи, составени од полиција, агенти, војска, која ќе ја претресе секоја куќа во градот....“ – забележала народниот херој Вера Ацева.

Прилеп, на 12 октомври таа 1941 година, осамнал под незапамтена воена и полициска блокада. Први жртви биле граѓаните кои излегле од своите домови, а и оние кои требало да бидат уапсени. Близу илјада биле притворени, но духот не бил скршен. Желбата за слобода, за своја држава, била голема. Борбата се разгорувала низ годините и се донела слободата, се создала македонската држава, која треба да ја чуваме како зеницата во окото.

Каролина Мицевска
Зоран Василески



# Крсто Хегедушиќ
# Поправајќи го загрозениот свет

Крсто Хегедушиќ е роден на 26 ноември 1901 г. во Петриња . Тој е еден од најзначајните хрватски сликари од дваесеттиот век и основач и креатор на светски познатата Југословенска школа на наивна уметност. Во 1920 г. учел на привремената Висока школа за уметности и занаети (денешна Академија за ликовни уметности) во Загреб . Во овој период ја насликал првата „идола“ за Подравина. Учел кај Владимир Бечиќ и графички курс кај Томислав Кризман. Школувањето го збогатило неговото знаење, но не влијаело врз неговиот уметнички стил. Пред Втора светска војната престојувал во Париз, каде што се инспирира од сликарството на фламанскиот ренесансен сликар Питер Бројгел. Во 1929 г. ја основа легендарната група „Земја“, заедно со сликарите Табаковиќ, Постружник, и Јунек. Првите дела на оваа група, а особено на Хегедушиќ, во принцип го отфрлаат концептот „уметност поради уметност“. Нивното ликовно кредо ќе го забележи Мирослав Крлежа, пишувајќи предговори за каталозите од нивните изложби. Од тој период е и сликата „ Поплава“ којашто е полна со критички набој и деструктивно дејство. Подравските мотиви изработени во 1933 г. се визуелен корелат на книжевниот селски мит на Мирослав Крлежа во статиите кои ги објавувал во книжевното списание „Данас“. Во Загреб, кон крајот на 1928 г. бил преокупиран со идејата за самостојна уметничка група „Земља“, чиј секретар бил од формирањето во февруари 1929 г. до полициската забрана во 1935 година. Повремено живеел во Хлебине, каде што во 1930 г. започнува да ги подучува селаните да сликаат и на тој начин ја основал сликарската школа „Хлебинска“, а веќе во 1931 г., со изложување на нивните дела на изложбата во Загреб, ја промовирал хрватската наивна уметност. Во 1932 г. основал работнички сликарски кружок како дел од Синдикатот на градежните работници во Загреб. Од 1929 до 1939 г. соработува со левичарските списанија (бил коуредник на „Savremene svečiу 1933“ и член на редакцискиот одбор „Печат“ во 1939 г.). Бил уапсен за своите социјалистички ставови (1931 г. во Копривница, 1932 г. во Загреб) , а во 1941 г. бил одведен во логорот Госпиќ, од каде, благодарение на неговите пријатели, посебно на бискупот Степинац , бил вратен во усташката полиција во Загреб, каде што му е одреден домашен притвор, а се засолнил во санаториумот „Ѓ. Вранешиќ“. Во 1944 г. престојува во Марија Бистрица за да го наслика



светилиштето на тамошната црква која била користена за аџилак . По војната, Хегегушиќ беше назначен за редовен професор на Академијата за ликовни уметности, а во 1950 г. ја добил титулата сликарски мајстор и станал шеф на мастер работилница . Од 1971 до 1973 г. работел на големиот циклус мурали во спомен-домот во Тјентиште. Сцените биле полни со трагични и тешки мотиви. Со ова докажал дека не е само сликар на идилични „рустични“ подравски сцени, туку и дека е автор којшто изразува бунт против злото. Во неговата родна Петриња, од 1987 г. постои галерија именувана во негова чест. Крсто Хегедушиќ изградил специфичен стил. Покрај тоа што се потпирал на ренесансното сликарство, особено во жанрот на сцените, тој се надоврзува и на сликарството на „алтернативните“ сликари како што бил Анри Русо-Цариникот. Сликал со маслени бои на стакло, така што добивал сјај и интензитет на бојата. Неговата поетика е своевидно враќање кон природата и хармонијата помеѓу човечкото опстојување со природата и во природата . Тој е основач, инспиратор и темел на идната хрватска школа на наивното сликарство кое ќе доживее светска слава и кое ќе биде забележано во бројни публикации во светската литература на ликовната уметност.

Најголем одѕив на повикот за солидарност за земјотресот во Скопје, очекувано, доаѓа од југословенските уметници. Голем број уметници, од сите краеви на Југославија донирале свои дела. Но, како ќе реагира државниот врв на комунистичка Југославија на идејата за современа уметност? Многумина се сеќаваат на некој Титов говор против апстрактната уметност од раните шеесетти години на 20 век. Само неколку дена по отворањето на зградата на МСУ, во 1971 г., Тито упатил писмо кое треба да „раскрсти“ со либералните, реакционерните,



ултралевите тенденции, како и со „црниот бран“ во уметноста. Сепак, по посетата на Тито, придружуван од Јованка, во 1972 г., дилемите исчезнуваат. На Тито му се допаднал музејот и самиот се запишал меѓу донаторите. Подарокот за музејот во Скопје е слика од Крсто Хегедушиќ, масло на платно . Во Скопје направил ретроспективна изложба во 1968 година. Тогаш и тој самиот донирал едно од неговите последни дела.

Подарокот од Тито е дело во кое се забележува песимистичката нота на авторот. Насловот е „Пролет на ѓубриште“, слика што често ја гледаме кога се топи снегот, симболично прикажувајќи ја вистината .

Хегедушиќ е сестран и кредибилен уметник кој е преокупиран со „поправка“ на загрозениот свет, особено преку сликарството во кое ја бара вистината, нагласувајќи ја сопствената уметничка поетика, објективноста и јасноста на изразувањето, како и социјалната нота (блиску до општественото сликарство на Гоја , но спротивставени на социјалистичкиот реализам . Хегедушиќ е наклонет кон исконското и едноставното, тој е критичен во документирањето на реалноста и истраен во борбата за самостојност на националниот уметнички израз, што го постигнал преку своето творештво. Работел во сите техники (од цртежи до ѕидни слики) и формати, од вињети и мали темпера на стакло до големи платна, главно фигурални композиции, жанровски сцени со селски и социјални теми, пејзажи и портрети. Охрабрувал во фламанското сликарство и ангажираниот реализам на групата „Нова стварност“, ги усвоил искуствата на експресионизмот, кубизмот, фовизмот и надреализмот, а подоцна и во поп-арт сликарството и во апстрактната уметност. Хегедушиќ починал на 7 април 1975 г. во Загреб .

м-р Трајче Чатмов



# „Апокалипса денес“ Надреалистички аспект на војната

Апокалипса денес е филм кој не е познат само по статусот на култен воен филм туку и заради контроверзната историја на неговата продукција. Низа од незгоди се имаат случено за време на снимањето на филмот, како што се тајфуни кои го уништуваат сетот, актери кои што доживуваат срцев удар и огромен буџет на грбот на Копола. Снимањето се одвива на локација која сама по себе е предизвик, во дивата џунгла на Филипините и притоа се користат вистински хеликоптери и експлозиви. Земајќи го сето ова предвид, сепак, Копола успева да креира еден автентичен, надреален филм за Виетнам, филм за кој може со сигурност да се тврди дека е ремек дело.

Почетокот на филмот е релативно приземен, за подоцна да дојде до вистинско расцветување на надреализмот. На почетокот Капетан Вилард (Мартин Шин) добива наредба да го убие полковникот Валтер Курц (Марлон Брандо). Како што се одвива неговото патување со  војниците во чамецот по реката која води до Камбоџа каде што се наоѓа полковникот Курц, филмот прераснува во психоделичен надреален сон, рефлектирајќи ги ужасите на војната и нивниот брутален ефект врз психичката состојба на војниците. Во филмот се присутни повеќе клучни надреалистички елементи, кои ја прикажуваат надреалната визија на Копола на животот и војната:

## ИГРА СО БОИ И СЕНКИ

Во филмот „Апокалипса денес“ постојано има игра со бои и сенки. Особено се забележливи димните гранати кои се во разни бои. Копола постојано ги употребува овие игри со бои и сенки, за да ја разбијат монотијата и да дадат атмосфера на своевиден циркус, кој меѓу другото се случува на бојното поле, при што во овој филм правилата се изместени. Неважноста станува важно, а важното неважно. Тоа најмногу се огледа во дејствувањето на капетанот Курц, кој е вистинска надреалистичка муза, како и детското однесување на сурферот Ленс, кој кога му го убиваат пријателот плаче по неговото загубено кученце, целосно несвесен за ситуацијата во која се наоѓа. На почетокот на филмот сцената е поставена на дневна светлина. Во градењето на фантазмогоричните слики Копола  користи вибрантна жолта, зелена и портокалова боја, па како што заоѓа сонцето бите стануваат темно сини и црни пропратени со златно  жолти тонови , сè до моментот додека Вилард не го сретне полковникот Курц кој веќе прераснал во своевидно божество за тамошните жители,обоен во боите на самракот, кои придонесуваат во градењето на мистериозно филозофска аура околу неговиот сега поетски карактер.

## ПАТУВАЊЕ НИЗ ВРЕМЕТО И СВЕСТА

Во средината на тропската шума Вилард и неговиот тим наидуваат на една француска плантажа. Тука живее фамилија Французи, во целосна изолација игнорирајќи го хаосот што ги опкружува. Војниците се добредојдени и учествуваат на една заедничка вечера со француската фамилија. За време на вечерата тие дознаваат дека фамилијата тврдоглаво одбива да ја премести локацијата на живеење затоа што тоа отсекогаш бил ниven дом и го предупредуваат Вилард дека Американците се борат за најголемото Ништо во историјата. Преку оваа француска плантажа Копола нè враќа назад во време на француската колонијална власт над Виетнам. Уште едно поголемо патување низ времето се случува кога Вилард конечно ќе го најде капетанот Курц, тогаш кога ќе наиде на примитивни луѓе – домородци кои исправено стојат на брегот пред









руševините на еден древен храм, помеѓу палмите и мртвите тела кои се обесени насекаде.Тоа се „децата“ на полковникот Курц, кој успеал да се постави како нивно божество и тие го штитат и му се поклонуваат. Вџашен од тоа што го гледа Вилард уште еднаш се убедува во лудилото на полковникот и нелогичните причини поради кои е и пратен да го убие. Полковникот Курц како мало детенце си игра со зборовите, говори како поет, размислува како антички мудрец и постојано се дружи со децата на домородците, бидејќи како што ќе каже, во нивно друштво заборава кој е. Тој одлучува да не биде ниту војник, ниту убиец, бега од сопствената свест патувајќи во рајот на примитивното, истовремено старо и ново за него, повторно раѓање во невиноста на исконската мисла. Изрушениот храм во Камбоџа  е неговиот нов дом, а домородците негови нови деца.



## ПРОДИРАЊЕ ВО МИСТЕРИИТЕ НА ОКУЛТИЗМОТ

Кога Вилард го убива полковникот Курц со секира, паралелно се одвива жртвувањето на бикот од страна на домородците. Во паганскиот окултистички свет бикот-жртва ја симболизира вината на племето и неговото убивање е убивање на истата и навестување на новиот почеток. Поставувајќи ги паралелно овие убиства Копола навестува дека и убиството на полковникот Курц е еден вид жртвување, кое мора да го изврши Вилард за да се ослободи од вината, од најтемниот дел на неговата личност. Убивањето е крваво и брутално, како и секое жртвување, а Вилард непосредно пред тоа изјавува дека и самиот Курц , па дури и џунглата го посакуваат Курц мртов, упатувајќи на неопходноста конечно да го убие и да продолжи со својот живот. Пред да го убие излегува од реката, сцена која го симболизира иницијациskиот момент на ритуалот. Како да ги измива ужасите на војната кои му се имаат залепено на секоја пора од неговото бивствување и како со секој удар во полковникот Курц да руши по една решетка од оклопот во кој се наоѓа. Умира Курц, умира и бикот и сега кога кралот на домородците е симнат од својот престол, останува Вилард да го наследи и да биде новиот татко на домородците, кои го прифаќаат како таков. Тој ја одбива таа улога и се упатува со чамецот од онаму од каде што дошол и го завршува кругот на патувањето. Скриеното богатство, она што тој го носи со себе е вистината за полковникот Курц, големата тајна, приказната за него, која ни ја пренесува и преку неа всушност го воскреснува. Приказната е крајот на ритуалот, во кој и ние самите сме учесници. И не случајно, филмот започнува со песната „Крајот“ (The end ) на Џим Морисон (The Doors). Реализмот, според Копола, не може да ја прикаже војната реално. За време на војна доаѓа до кршење на свеста за реалното кај војниците. Тие повеќе не се истите. Владеат нови правила во времето и просторот, тоа се правилата на војната. Смртта која демне на секој чекор ја поместува перцепцијата кај војниците. Тие немаат време за страв и слични чувства, се дејствува по автоматизам. И подоцна во своите сеќавања за бојното поле, војната им се појавува пред очи како нешто нестварно, како нешто што не е својствено за нив, како филм, како хорор... Токму зборот хорор е последниот збор кој го изговара полковникот Курц пред да умре. Копола во овој филм при прикажување на ужасите на војната вешто  се служи со алатките на надреализмот за да ги прикаже во едно ново светло сите нелогичности и апсурди на војната во Виетнам. Затоа овој филм се разликува од останатите филмови за Виетнам и важи за маестрално дело кое ги проширува границите на филмската уметност.

Кристина Трајановска



**Режија**: Francis Ford Coppola

**Улоги**: Marlon Brando, Robert Duvall, Martin Sheen, Frederic Forrest, Albert Hall, Sam Bottoms, Larry Fishburne, Dennis Hopper

**Сценарио**: Johan Milius, Francis Ford Copola

**Нарација**: Michael Herr

**Продукција**: Francis Ford Coppola

**Кинематографија**: Vittorio Storaro

**Музика**: Carmine Coppola, Francis Ford Coppola

**Монтажа**: Richard Marks, Walter Murch, Gerald B. Greenberg, Lisa Fruchtman

**Година**: 1979
**Земја**: USA
**Времетраење**: 147 минути



# „Бел Рај" – излетничко

Во Општина Гевгелија, во областа Бојмија, се наоѓа селото Миравци кое лежи на десната страна на реката Вардар, во Гевгелиско-валандовската Котлина. Селото е рамничарско, сместено на надморска височина од 110 метри. Се наоѓа непосредно до стариот пат Демир Капија – Гевгелија, каде што денес е изградена новата делница Демир Капија – Смоквица од меѓународниот автопат „Александар Македонски". Од градот Гевгелија е оддалечено 21 километар.
Во близина на селото Миравци се наоѓа вештачкото езерото Миравци, на патот кон селото Петрово и Габрово. Езерото спаѓа во групата на изградени акумулации.
На ридовите над Миравци, кои се дел од источното подножје на планинскиот масив на Кожув, се наоѓа излетничкото место „Бел Рај", коешто катастарски се наоѓа во соседното село Петрово.
Месноста е сместена во кањонскиот дел на Стара Река, наречена така зашто колку и да е топло во текот на летото, таа ретко пресушува за разлика од другите планински реки што секнуваат кога ќе фатат жештините.
Реката формирала природни базени низ карпите кои се полни со бистра вода и се идеална можност за разладување. Овие базени се сместени меѓу бели варовнички карпи. Плажи со песок на широко пространство нема но, сепак, наокулу има многу карпи кои можат да послужат како идеално место за уживање под сонцето.
„Бел Рај" е познато место за младите по добри забави, омилено место на авантуристите, на планинарите, на велосипедистите и на музичарите, а за сите оние коишто се љубители на кампувањето, местово е одлично за престој во природа.
„Бел Рај" е познато излетничко место за гевгеличани, но добро е оваа убавина да се сподели и со останатите. Местото нуди и незаборавна можност за пливање во природни базени, создадени од течението на реката помеѓу карпите, на чист планински воздух.

Кристина Илиевска



# место со природни базени








